# ПРИРАЧНИК ЗА ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Агенција за млади и спорт

# ПРИРАЧНИК

за

# ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

**Наслов:** Прирачник за локални младински совети

**Уредничка:** Јасмина Тодоровска-Митева од Мисијата на ОБСЕ во Скопје

**Автори/ки:**
Јасмина Тодоровска-Митева и Нина Шуловиќ-Цветковска
од Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Дона Костуранова, Блажен Малески, Томислав Гајтаноски, Линдита Реџепи,
Матеј Маневски, Зоран Илиески - независни консултанти

**Соработник/чка:**
Мирије Сулмати и Горан Таневски
од Мисијата на ОБСЕ во Скопје

**Издавачи:** Агенција за млади и спорт и Мисија на ОБСЕ во Скопје

**Превод и лектура:** Бестел

**Графичко обликување и печат:** Полиестердеј

Организација за безбедност и
соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Агенција за млади и спорт

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и умножува во образовни и други некомерцијални цели, под услов при секоја таква репродукција да се наведат Агенцијата за млади и спорт во Република Северна Македонија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје како извор.

Би сакале да изразиме голема благодарност до сите лица кои учествуваа во подготовката и изработката на овој прирачник, како и на поранешната пратеничка Ивана Туфекџиќ, во улога на координаторка на Работната група за Законот за младинско учество и младински политики, како и на другите членови и членки на работната група; Ѓорги Тасев, посебен советник за млади и младински политики на премиерот на РСМ; Милан Живковиќ, посебен советник за труд и социјална политика на премиерот на РСМ; Душица Перишиќ, извршна директорка на ЗЕЛС; на поранешните директори на АМС: Марјан Спасески и Дарко Каевски; и поранешните службенички во АМС: Зорица Стаменковска, Ана Манасиева и Евгенија Јанакиеска за искажаната поддршка, доверба, корисните предлози и совети за изработка на овој прирачник.



Младите се тие кои ги прават промените и кои го движат општеството напред. Градењето демократски, инклузивни и просперитетни општества почнува со младите и тие мора активно да бидат вклучени во сите сфери на општествено делување.

Со Законот за младинско учество и младински политики за прв пат во државата се дефинира категорија млади, формите на младинско организирање и младинско учество, како на национално, така и на локално ниво.  Сите политики за млади, идеи и решенија, во насока на креирање подобар животен стандард за младите, ќе продолжат да се носат заедно со младите  на транспарентен и инклузивен процес.

Локалните младински совети ќе бидат гласот на младите и преку него тие ќе имаат можност да започнат дијалог со локалните власти и отворено да дискутираат за младинските прашања, проблеми и интереси.

Агенцијата за млади и спорт ќе продолжи да биде најголема институционална поддршка на младите и партнер во креирање општество по нивна мерка каде тие ќе може да ги зголемуваат своите капацитети, да бидат активни и да бидат двигатели на општествените процеси.

Како Агенција за млади и спорт продолжуваме да даваме поддршка и да ги отвораме вратите за да се слушне и уважи гласот на младите за својата иднина и за иднината на Република Северна Македонија. Младите со своите храбри и иновативни идеи, активно учествуваат во градењето современо општество, демократско, прогресивно и еднакво за сите и тие мора да останат буден коректив на секоја власт.

Сакам да се заблагодарам за континуираната поддршка што ја дава Мисијата на ОБСЕ во Скопје за развој на младинскиот сектор и за поттикнувањето на младинското учество и навистина ми е задоволство што одличната соработка резултира со  креирање на овој прирачник кој ќе биде корисна алатка и патоказ за младите, членовите на локалните младински совети, градоначалниците, општините, административните службеници и младинските форми на организирање со цел создавање функционални и активни локални младински совети преку кои ќе се градат заедници по мерка на младите луѓе.

**Наумче Мојсовски**,
Директор на Агенцијата за млади и спорт



Младите се значајни носители на промени во секое општество. Завршниот акт од Хелсинки од 1975 година, како основачки документ на ОБСЕ, ја нагласува позитивната улога на младите жени и мажи кои ги водат општествата кон сеопфатна безбедност. Во последниве години, се разви консензус дека младите треба да имаат место на масата кога се разгледуваат прашања што ги засегаат.

Зајакнувањето на учеството и ангажирањето на младите; работењето со и за младите; создавањето можности за интегрирање на младинските перспективи во дијалогот за политиките се приоритетни области за сегашните и идните претседавачи на ОБСЕ.

Ние, во Мисијата на ОБСЕ во Скопје, исто така активно работиме на ова поле, поддржувајќи ги владините, општинските власти и младинските организации во изнаоѓањето начини за зголемување на учеството и ангажманот на младите.

Заедно со Агенцијата за млади и спорт, еден од нашите клучни чинители, со задоволство Ви го претставувам овој прирачник за младински совети, верувајќи дека е корисен и практичен извор, како за младите, така и за општинските службеници.

Амбасадор **Клеменс Која**,
Шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

# ВОВЕД

Овој прирачник е наменет за младите членови на локалните младински совети и вработените во општините и служи како водич за формирање и функционирање на локалните младински совети. Прирачникот опфаќа практични совети, чекори, но и препораки како да се воспостави функционален младински совет во општините во Република Северна Македонија.

Процесот за изработка на овој прирачник започна во 2017 година како заедничка активност на Агенцијата за млади и спорт и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Целта при отпочнувањето на изработка на овој прирачник беше истиот да препорача унифициран пристап за начинот на формирање, функционирање, избор на членови на Локален младински совет, нивниот мандат, делокругот на работа на членовите на Локалниот младински совет, како и примопредавањето на целокупната работа од членството во заминување на новото избрано членство. За таа цел, покрај искуството на авторите во работата со формирани локални младински совети во повеќе општини во изминатиот период, Мисијата на ОБСЕ во Скопје во текот на 2017 година, спроведе теренски посети во четириесет општини заедно со авторите на овој прирачник со цел да ги идентификува добрите практики, но и предизвиците во функционирањето на веќе формираните ЛМС (на пример, во некои ЛМС мандатот на членовите беше четири години, а во некои две години). Во меѓувреме, Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за младинско учество и младински политики во јануари 2020 година. Прирачникот за локални младински совети е во согласност со Законот за младинско учество и младински политики со тоа што авторите извршија преработка и приспособување на претходната содржина на прирачникот во текот на 2020 година.

Поддршката на младинското учество во развивањето ефективни младински политики и носењето одлуки заедно со институциите е значајно за обезбедување подобар живот на младите и за јакнење на демократските капацитети во нивната заедница. Младите треба да бидат активни и ангажирани затоа што нивното учество го гледаме како дел од решенијата за подобар и побезбеден свет!

Локалниот младински совет за многу општини е нов предизвик кој има за цел да го зголеми учеството на младите во општината и локалната заедница. Препознавањето на младинските потреби и предизвици, нивното решавање, во соработка со самите млади и обезбедувањето соодветни сервиси за млади, го поттикнува напредокот и развојот на младите и ја зајакнува нивната улога во рамки на општеството. Младинските форми на организирање се присутни во голем дел од општините во државата и имаат соодветно знаење и искуство во областа на младинските политики. Токму затоа, потребно е општините да ги вклучат во процесот на креирање и трансформирање на локалните младински совети, но и во нивното идно функционирање, работење, како и во процесите на донесување одлуки.

За успешно функционирање на Локалниот младински совет, важно е да се земат предвид специфичните потреби, барања и интереси на младите од локалната средина. Затоа, секоја општина треба да го приспособи овој процес на реалните потреби на младите и карактеристиките својствени за локалната средина, и да поттикне учество на младите без разлика на пол, етничка припадност, политичка ориентираност. Од друга страна пак, младите треба да ги застапуваат заедничките интереси и потреби за состојби и предизвици кои се во нивен интерес, со цел градење подобро општество. Локалниот младински совет како активно тело мора да биде во функција на младите и да ги застапува нивните интереси. Општината, исто така мора да обезбеди поддршка од страна на администрацијата и од Советот на Општината во формирањето и работењето на Локалниот младински совет.

Воспоставувањето ефикасен Локален младински совет ќе придонесе кон вклучување на младите во процесите на креирање политики на локално ниво, унапредување на нивната положбата во заедницата и градење на капацитетите на младите како идни лидери во општеството. Од друга страна, за самите млади ова ќе биде мотивирачки чекор да практикуваат активно граѓанство, да учествуваат во решавањето на проблемите на младите од Општината и да работат во градењето подобра иднина во локалната средина за сите граѓани.

Овој прирачник се надградува на досегашните акумулирани искуства, знаења и научени лекции од локалното младинско организирање и е заснован на Законот за младинско учество и младински политики, со цел  да го олесни неговото спроведување и разбирање, како и да го поддржи учеството на младите на локално ниво. Онаму каде што чекорите во работата не се дефинирани во законот или во постоечки подзаконски акти, авторите на овој прирачник ги дополнуваат со препораки дефинирани во соработка со Агенцијата за млади и спорт, за да се даде појасна слика и патоказ за формирањето и работата на идните локални младински совети.

# СОДРЖИНА


Кратенки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10

Поимник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11

**1. МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА . . . . . . . . 14**

1.1 Законска рамка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .14

1.2 Стратешка рамка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16

1.3 Родова еднаквост во РСМ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .18

1.4 Инклузија на младинското учество . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19

1.5 Европски насоки и стандарди за младински политики . . . . . . . . . . . . . . . . 20

1.6 Младинско учество . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 23

1.7 Младинска политика . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 23

**2. ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25**

2.1 Улога на Локален младински совет . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25

2.2 Структура на Локален младински совет . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 26

2.3 Чекори за формирање Локален младински совет . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28

2.4 Што кога во Општината веќе има Локален младински совет? . . . . . . . . . . . . 33

2.5 Формирање тим и консултации . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 36

**ПРИДОБИВКИ ОД ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ . . . . . . . . . . . . . . . . . 38**
**Придобивки за Општината . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 39**
**Придобивки за младите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 39**

**3. РАБОТА НА ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40**

3.1 Надлежности на општините кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 43

3.1.1 Службеник/чка за млади . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 43

3.1.2 Канцеларија за млади . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 45

3.1.3 Запознавање со Општината и обуки за Локален младински совет . . . . . . 45
3.1.4 Локална стратегија за млади . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 46
3.1.5 Финансирање . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 47
3.2 Делокруг на работа на Локалниот младински совет кон Општината и младите . . 48
3.2.1 Редовни седници и средби на Локалниот младински совет . . . . . . . . . . 48
3.2.2 Креирање годишна програма . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 49
3.2.3 Организирање консултации со младите во Општината и состаноци за информирање . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 50
3.2.4 Консултации со Локалното собрание на млади . . . . . . . . . . . . . . . . . 51
3.2.5 Консултации со млади . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51
3.2.6 Присуство на седници на Советот на Општина . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51
3.2.7 Подготовка на предлози и иницијативи до градоначалникот/чката и/или претседателот/ката на Совет . . . . . . . . 52
3.2.8 Инклузивност во Локален младински совет . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 53
3.2.9 Годишен извештај . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 55
3.2.10 Завршување на мандатот и процес на примопредавање од старото на новото членство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 55
3.2.11 Самоевалуација: Дали Локалниот младински совет е успешен? . . . . . . . 56
3.3 Јавност на работата на локалните младински совети . . . . . . . . . . . . . . . . 57
3.3.1 Дефиниција и цели на односите со јавноста . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58
3.3.2 Онлајн присуство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58
3.3.3 Јавни настани . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 59
3.3.4 Социјални медиуми и веб-алатки за комуникација . . . . . . . . . . . . . . . 59

**4. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 61**

**5. ПРИЛОЗИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 62**

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АМС** | Агенција за млади и спорт |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ОН** | Обединети нации |
| **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |
| **УНИЦЕФ** | Фонд за деца при Обединетите нации |
| **НДИ** | Национален демократски институт |
| **ЗМУМП** | Закон за младинско учество и младински политики |
| **ЛМС** | Локален младински совет |
| **ИО** | Иницијативен одбор |
| **ЛСМ** | Локално собрание на млади |
| **ЗГ** | Здружение на граѓани |
| **ЕМФ** | Европски младински форум |

# ПОИМНИК

**Млади** се лица на возраст од 15 до 29 години.

**Младинска политика** е збир на мерки и активности кои се преземаат за да се задоволат потребите на младите, со цел остварување на нивниот полн потенцијал.

**Младинско учество** претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите.

**Младинска работа** претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот во заедницата.

**Младински работници** се квалификувани лица кои поседуваат компетенции за работа со млади луѓе спроведувајќи активности со кои се поддржува нивниот личен и социјален развој преку неформално и информално учење.

**Младинска организација** е секоја организација која е регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации, во која највисокото тело на одлучување е составено од најмалку две третини млади лица на возраст од 15 до 29 години и чиишто цели и активности се дефинирани и насочени кон унапредување на интересите на младите.

**Организација за млади** е секоја регистрирана организација согласно Законот за здруженија и фондации, која не е водена од млади чиј дел од програмските цели и активности се насочени кон унапредување на интересите на младите.

**Младински чадор организации** се организации во кои членуваат формите на младинско организирање кои се обединуваат поради остварување заеднички цели во специфични области од интерес на младите.

**Национална стратегија за млади** е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

**Локална стратегија за млади** е стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

**Локален младински совет (ЛМС)** претставува тело на локалната самоуправа кое го сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во Општината, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа.

**Локално собрание на млади (или Собрание на локален младински совет)** претставува орган на Локалниот младински совет, кој ги бира членовите на ЛМС. Во Собранието на млади може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

**Иницијативен одбор (ИО)** претставува тело кое го сочинуваат различните форми на младинско организирање во Општината кое има обврска да ја поддржи Општината во основањето Локален младински совет, доколку Општината го нема основано. ИО се формира еднократно со цел учество на младите во основањето на ЛМС, и се распушта по одржување конститутивна седница на ЛМС.

**Службеник за млади** е лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата. Службеник за млади одредуваат органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје, како и Град Скопје.

**Канцеларија за млади** е примарна точка за пристап на младите на локално ниво и е формирана од општините, општините во градот Скопје и Град Скопје од каде се координира работата за млади во општините.

**Младински центар** е место каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

**Еднакви можности на жените и мажите** е промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните

индивидуални потенцијали, преку кои тие придонесуваат за општествениот развој, како и за еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој.

**Родовата еднаквост** значи дека различните однесувања, аспирации, потреби на жените и мажите се почитувани, земени предвид, вреднувани и подеднакво потпомогнати. Тоа значи, дека нивните права, одговорности и можности нема да зависат од тоа дали тие се родени како маж или како жена. Таа е заснована на принципите на човековите права и социјалната правда. Јасно е дека родовата еднаквост и зајакнувањето на жените се суштински за упатување кон главната грижа на сиромаштијата и несигурноста и за достигнување одржлив развој со човекот како центар.

**Родова перспектива** е гледиште кон родовите разлики, потреби и интереси во секоја дадена политичка област/активност.

**Вклучување на родовата перспектива во главните текови, политики и практики (*Gender mainstreaming*)** претставува интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики – притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.

**Родов јаз** е јазот кој се јавува во која било област во општествениот живот, меѓу жените и мажите и се однесува на учество, пристап, права, хонорари и придобивки[1].

---

1 Стратегија за родова еднаквост (2013 - 2020) достапна на http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/2018/03/Strategija-2013-2020.pdf (пристапено во ноември 2020)

# 1. МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 1.1 Законска рамка

Во Република Северна Македонија долго време не постоеше законска рамка со која се регулира младинското организирање, младинското учество, како и младинските политики на национално и локално ниво. Во јануари 2020 за прв пат беше донесен Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ", бр. 10/2020). Со овој закон младите обезбедија правна рамка и механизми кои го гарантираат нивното учество во креирање на политиките кои ги засегаат.

Целта на Законот за младинско учество и младински политики (ЗМУМП) е да обезбеди креирање и спроведување политики на младите на сите нивоа преку повеќесекторски пристап водејќи се од потребите и интересите на младите. ЗМУМП има за цел да го зајакне младинското учество во процесите на донесување одлуки како и креирање политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога. Законот, исто така, цели кон промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите во процесот на донесување одлуки и политики, и поддршка и унапредување на младинското организирање, нивно поттикнување на структурен дијалог на национално и локално ниво. Поттикнување на волонтерството, младинскиот активизам и младинската работа со цел поттикнување личен, професионален и социјален развој на младите е исто така важна цел на законот. Надлежен орган за спроведување на ЗМУМП е Агенцијата за млади и спорт.[2]

Во ЗМПУМП возрасната граница на младите е дефинирана на 15 - 29 години. Формите на младинско организирање во ЗМУМП се регулирани како: организација за млади, младинска организација и младинска чадор организација; додека ЗМУМП исто така препознава политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување. ЗМУМП ја препознава младинската работа и го дефинира младинскиот работник.

ЗМУМП е родово неутрален и е основан на осум начела,[3] односно на начелата на еднаквост, забрана од дискриминација, мултикултирализам, интеркултурализам и инклузивност во активното учество на младите, меѓуетничка вклученост, одговорност и солидарност кај младите, како и меѓуинституционална соработка во креирањето и спроведувањето на младинските политики.

2 Агенција за млади и спорт (http://ams.gov.mk)

3 Закон за младинско учество и младински политики (Сл. весник на РСМ, бр. 10/2020), член 5

РСМ јасно ја изрази својата одлучност и детерминираност да се грижи за потребите и интересите на младите на национално и локално ниво, како и да ги интегрира младите во процесите на донесување одлуки. Така, ЗМУМП ја обврзува Владата да формира Национално советодавно тело за младински политики каде што младите заедно со претставниците на надлежните органи ќе имаат советодавна, но и надзорна улога во спроведувањето на националните младинските политики и активностите за млади.

Владата е обврзана да носи Национална стратегија за млади за период од пет години која содржи и Акциски план за реализација и која е изработена од страна на Агенцијата за млади и спорт. Општините, исто така, се обврзани да носат петгодишни локални стратегии за млади и Акциски планови за реализација и да формираат локални младински совети, канцеларии за млади и младински центри.

Исто така, државните органи и единиците на локалната самоуправа се должни да назначат службеник/чка за млади кој/а ќе биде одговорен/а за работењето на Канцеларијата за млади, Локалниот младински совет, како и за координирање, спроведување и следење на сите прашања кои се од интерес за младите во делокругот на надлежностите на институцијата, односно на Општината.

За да се остварат сите активности предвидени со ЗМУМП, јасни се одредбите кои се однесуваат на финансирањето, односно на национално ниво се издвојуваат средства од Буџетот на РСМ во висина од 0,3 %, додека на локално ниво, за млади се издвојуваат средства во висина од 0,1 % на годишно ниво.

Процесот на донесување на Законот за младинско учество и младински политики започна во 2018, како иницијатива на Клубот за младински прашања и политики[4] при Собранието на РСМ (мандат 2016 - 2020)[5] чиј координатор беше пратеничката Ивана Туфекџиќ. Политичката волја и консензус по ова прашање беа јасно изразени од страна на сите политички партии и високи претставници во Собранието. Со цел инклузивност и сеопфатност на процесот за донесување на ЗМУМП, односно вклучување на (нај)засегнатите страни, беше формирана трипартитна Работна група составена од пратеници, владини претставници и претставници на младинските форми на организирање. Целокупниот процес на изработка на ЗМУМП кој се одвиваше на исклучително транспарентен и инклузивен начин, со активна вклученост на сите засегнати страни, беше поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а на работните средби учествуваше и НДИ како поддржувач на работата на Клубот.

За време на двогодишниот период на изработка за ЗМУМП беа одржани повеќе од 20 средби на Работната група, додека регионални средби[6] со млади беа организирани со цел

---

4 Работата на Клубот е поддржана од НДИ

5 Членови на Клубот за младински прашања и младински политики беа пратениците и пратеничките: Ивана Туфекџиќ, Мери Лазарова, Агим Шаќири, Костадин Костадинов, Невена Стаменковска, Слаѓана Митовска, Бетиание Китев, Нола Исмаилоска-Старова и Теута Биљали

6 Во текот на 2018 и 2019 беа организирани средби во следниве градови: Куманово, Крушево, Прилеп, Битола, Кичево, Охрид, Скопје, Струмица, Штип, Кавадарци, Тетово и Струга

да биде слушнат нивниот глас и мислење, каде учествуваа повеќе од 185 млади мажи и 123 млади жени, односно повеќе од 300 млади лица. Со цел младите лица со попреченост да бидат запознаени со содржината на ЗМУМП, изработена беше и аудиоверзија на законот поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

## 1.2 Стратешка рамка

Втората Национална стратегија за млади (2016 - 2025)[7] всушност беше продолжување на напорите за системско решавање на положбата, потребите и интересите на младите. Процесот беше воден од Агенцијата за млади и спорт, во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) и изработката на оваа стратегија се одвиваше на инклузивен и транспарентен начин преку четири работни групи со учество на повеќе од 500 заинтересирани претставници од засегнатите страни во младинскиот сектор.

Националната стратегија за млади на Република Северна Македонија (2016 - 2025) се базира на меѓународните документи ратификувани од страна на Република Северна Македонија кои ги афирмираат прашањата поврзани со младите.

Националната стратегија за млади има четири стратешки приоритети:

1. Овозможување подобар животен стандард и еднакви можности за квалитетен живот;
2. Креирање услови за почитување и заштита на фундаменталните права и слободи, и систематска интеграција и интеракција на различни категории млади;
3. Креирање можности за вклучување на младите во следење и спроведување на политиките и одлуките кои ги засегаат; и
4. Еднаков пристап до квалитетно образование и други форми на личен и професионален развој.

Сите интервенции се поделени во следниве девет области:

1. Младинско учество
2. Младинско информирање
3. Локална младинска работа
4. Образование
5. Вработување и поддршка пред вработување
6. Култура
7. Спорт
8. Здравје
9. Квалитет на живот

7 http://mladi.ams.mk/documents (пристапено во декември 2020)

Акцискиот план за спроведување на Стратегијата беше донесен во 2017 година во којшто беа утврдени конкретни активности со одредени рокови во сите девет области, очекувани резултати, индикатори, носители на активностите и обезбедени финансиски средства од страна на релевантните институции за спроведување на активностите.

Согласно ЗМУМП, **Националната стратегија за млади** и акциските планови ги носи Владата во времетраење од 5 години.

Во рамки на Агенцијата за млади и спорт[8] постои посебен сектор којшто е наменет за млади. Секторот за млади врши работи кои се однесуваат на сферите на интерес и потребите на младата популација во земјата и признавањето на улогата на младите во развојот на РСМ. Агенцијата за млади и спорт ја спроведува Националната стратегија за млади (2016 - 2025).

Секторот за млади своите задолженија, обврски и задачи ги извршува во две одделенија:

- **Одделение за младинска политика и обука:**
  - следи, проучува и обработува прашања поврзани со психофизичкиот развој на младите и предлага мерки за нивно унапредување;
  - учествува во подготовката на Националната стратегија за млади на Република Северна Македонија;
  - ги следи состојбите поврзани со општествениот статус на младите и организираноста во разни форми на здружување и предлага мерки за нивно унапредување;
  - следи, проучува и обработува прашања поврзани со превенцијата и борбата против болестите на зависности, проституција, криминал и други социопатолошки појави и предлага мерки за нивно надминување;
  - следи и проучува прашања поврзани со стандардот на младите, а особено на учениците и студентите и предлага мерки за нивно унапредување;




**Дали знаете за Европска младинска картичка?**

Европската младинска картичка е картичка со попусти и поволности за млади од 15 до 29 години, во различни категории. Картичката им дава можност на младите да патуваат, да запознаат нови луѓе и да склопат нови пријателства низ цела Европа. Европската младинска картичка е проект на Агенцијата за млади и спорт.

**Повеќе информации на http://mladinskakarticka.mk**

8 http://www.ams.gov.mk/za-agencijata/sektori/sektor-mladi (пристапено во ноември 2020)

- ги следи и проучува прашањата поврзани со невработеноста на младите и предлага мерки за нивно надминување;
- предлага и изготвува мерила и критериуми за финансирање програми што ги поттикнуваат и помагаат активностите на младите и нивните здруженија и го следи нивното спроведување;
- изготвува анализи, елаборати, осврти, информации, извештаи и други материјали и прибира извештаи и друго.

- **Одделение за евроинтеграции и меѓународна соработка кај младите:**
  - предлага, планира и поттикнува меѓународна соработка на младите;
  - ги следи активностите на Советот на Европа поврзани со прашањата за младите и активно учествува во телата каде што е вклучена Република Северна Македонија;
  - учествува во подготовката на Националната стратегија за млади на Република Северна Македонија;
  - дава мислење по програми за меѓународна соработка во областа на младите кои ги изготвуваат и предлагаат други органи и установи;
  - предлага и изготвува документи за билатерална и мултилатерална соработка во областа на младите и ја следи нивната реализација;
  - изготвува извештаи и информации за меѓународните организации и регионални форми за соработка во кои членува Република Северна Македонија;
  - ги реализира работите кои произлегуваат од програмите на меѓународните организации и фондации во делот што се однесува на младите;
  - изготвува анализи, елаборати, осврти, информции, извештаи и други материјали од областа на меѓународната соработка;
  - и располага со други надлежности согласно важечките законски прописи.

Секторот за млади работи со надлежните лица од сите општини на комуникација и координација во однос на работата и функционирањето на локалните младински совети.

## 1.3 Родова еднаквост во РСМ

Покрај законската рамка на која се темели младинското учество и креирањето на младинските политики, важно е да се издвојат позитивните законски норми во однос на родовата еднаквост и заштитата од дискриминација. Единиците на локалната самоуправа и националните државни институции имаат проактивна улога во двата закони, односно треба да креираат услови за воспоставување родова еднаквост помеѓу мажите и жените и да воспостават механизми кои превенираат дискриминација. Оттаму, во овој дел на прирачникот ќе се доближи важноста за вклучување на родовите аспекти во работата на локалните младински совети, на кои начини може да бидат адресирани од страна на ЛМС, како може самите ЛМС да бидат проактивни во нивната работа за обезбедување родова еднаквост во нивната работа, а со тоа да спречат и дискриминација во својата работа.

Република Северна Македонија, водејќи се според актите на Европската Унија, Советот на Европа и Обединетите нации, гледа на политиките за родова еднаквост низ призмата на повеќесекторност, односно дека родовата димензија и перспектива треба да биде содржана во сите акти, теми и активности кои државата ги презема. Тоа значи дека согласно ваквата поставеност, сите активности и политики на државните органи, вклучувајќи ги и општините, треба да содржат елементи и мерки за подобрување на родовата еднаквост во државата, со долгорочна цел да се постигне родова еднаквост.

Клучниот закон во Република Северна Македонија кој се однесува на родовата еднаквост е Законот за еднакви можности на жените и мажите, донесен во 2012 година[9,10]. Овој закон ја дава рамката за преземање мерки за постигнување родова еднаквост од страна на општините. Оттаму и можноста за општините и локалните младински совети, како нивни тела, да воспостават мерки за постигнување родова еднаквост во нивната општина. Дополнително, законот предвидува координатори/ки за родова еднаквост во сите државни институции и општините. Овие координатори/ки во општините се веќе воспоставен систем и дел од систематизацијата на единиците на локална самоуправа[11]. Втор важен документ е Стратегијата за родова еднаквост (2013 - 2020) година[12] која дава насока за активности и мерки за постигнување родова еднаквост во нашата земја, а каде се вклучени и единиците на локалната самоуправа.

Овие документи се важни за членовите на локалните младински совети и за вработените на општинската администрација, бидејќи пред сѐ ја даваат законската рамка и основата за тоа како да се биде и како да се покаже проактивност во воспоставувањето на родовата еднаквост преку секојдневната работа.

## 1.4 Инклузија на младинското учество

Еден од основните принципи на Националната стратегија за млади (2016 - 2025) е социјалната инклузија или социјалната вклученост.

За да се разбере точно што значи поимот вклученост на младите лица во општествените процеси, треба пред сѐ да се знае што е еднаквост и што е дискриминација. Според

9 Закон за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник бр. 06/2012, 166/2014)

10 Во моментот на пишување и издавање на овој прирачник, Работна група работи на измени на Законот за еднакви можности на мажите и жените. Неговиот назив во иднина можно е да варира, но проверете ја последната верзија кога ќе го читате овој прирачник

11 Листата на координатори/ки, како и на заменици-координатори/ки во ЕЛС може да ја најдете тука https://www.mtsp.gov.mk/content/xslx/%D0%95%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%B8%20%D0%BC%D0%BE%D0%B6%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8/ELS%20koordinatori%20i%20komisii%20mail%20adresi%20tel.br.%20(3).xls

12 Стратегија за родова еднаквост (2013 - 2020) достапна на http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/2018/03/Strategija-2013-2020.pdf

домашното законодавство, а и според меѓународните правни акти во Република Северна Македонија владее начелото на еднаквост според кое дискриминацијата е забранета.

„Еднаквост е начело според кое сите луѓе се рамноправни, односно изедначени во уживањето и остварувањето на сите права и слободи.“[13]

Лице или група на лица, мажи и/или жени, се дискриминирани кога поради некоја посебна карактеристика која ја поседуваат им е ограничено одредено право или слобода, а кои законски им се загарантирани на сите граѓани и граѓанки. Дискриминацијата резултира со тоа што тоа лице или група не е во можност да ги ужива или оствари сите права и слободи подеднакво како и сите други.

Посебните карактеристики кои се причина за дискриминацијата и се нарекуваат „дискриминаторска основа“ се: расата, бојата на кожата, потеклото, националната или етничката припадност, полот, родот, сексуалната ориентација, родовиот идентитет, припадноста на маргинализирана група, јазикот, државјанството, социјалното потекло, образованието, религијата, верското, политичкото или друго уверување, попреченоста, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба, личното својство и општествениот статус итн.

Оттаму, сите млади лица без оглед на која било нивна карактеристика или лично својство (пол, род, национална или етничка припадност, попреченост, боја на кожа, потекло, образование, социјален статус, верско или политичко уверување итн.) имаат право и треба активно да учествуваат во процесите на креирање политики и донесување одлуки во општеството.

Но, иако правото на активно младинско учество и ангажман постои и е загарантирано со законите, можно е во пракса да не постојат услови сите млади лица подеднакво да го искористат тоа свое право. Затоа, ЛМС имаат обврска да работат на начин којшто ќе овозможи вклученост или инклузија на сите млади лица.

## 1.5 Европски насоки и стандарди за младински политики

Младинското учество и младинската политика се веќе долго време присутни во работата на европските институции и меѓународните организации. Во голем дел, младинските политики во РСМ се усогласени, ги следат или се стремат кон овие насоки и стандарди поставени од разни европски институции.

Во рамките на **Советот на Европа**, младинските политики се дефинираат преку ко-менаџмент структурата во младинскиот оддел. Главната стратегија, според која се развиваат специфичните препораки и акциски планови е Стратегијата за младинскиот сектор 2030[14], што беше усвоена

13 Закон за спречување и заштита од дискриминација, член 4, („Службен весник на РСМ“, бр. 258/2020)

14 CM/Res(2020)2 on the Council of Europe youth sector strategy 2030

во јануари 2020. Целта е младинската политика на Советот на Европа да им обезбеди на младите еднакви можности и искуство што ќе им овозможи да развијат знаења, вештини и компетенции за да играат целосна улога во сите аспекти на општеството.[15]

Друг важен документ што произлегува од Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа е ***Европската повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот живот***, која е усвоена во 1992 година, и е ратификувана од страна на Република Северна Македонија. Повелбата дава посебна важност на локалното учество на младите во процесите на донесување одлуки и креирање политики, а со тоа и во процесите на дизајнирање локални младински стратегии.

Според прирачникот „КАЖЕТЕ ГО СВОЕТО! - Прирачник за ревидираната Европска повелба за учеството на младите во локалниот и регионалниот живот" развиен од Советот на Европа, младинското учество може да донесе многу конкретни и видливи придобивки, не само за младите луѓе, туку и за организациите/институциите и заедниците во кои тие се вклучени. Во него може да се најдат и дополнителни придобивки како и предизвици за младинското учество, како и дополнителни информации за младинско учество на локално ниво.

**Македонски** на следниот линк: https://rm.coe.int/have-your-say-manual-mk/168072a38a
**Албански** на следниот линк: https://rm.coe.int/have-your-say-manual-alb/168072a389

Во преамбулата на ревидираната Европска повелба за учеството на младите во локалниот и регионалниот живот е дадена следнава дефиниција: *„Учеството во демократскиот живот на секоја заедница претставува многу повеќе од само да се гласа или да учествува како кандидат на избори, и покрај тоа што овие елементи се важни. Учеството и активното граѓанство подразбираат да се има право, средства, простор, можност и онаму каде што е потребно, и поддршка за да може да се учествува и влијае на одлуките и да се учествува во дејства и активности за да се придонесе кон градењето подобро општество."*

**Европската Унија** има своја стратегија за млади, која претставува рамка за соработката на ЕУ во поглед на младинските политики. Стратегијата се однесува на периодот 2019 – 2027 година. Стратегијата се основа на три клучни зборови: учество, поврзување и зајакнување на младите.[16]

Освен Стратегијата за млади на ЕУ која дава генерална рамка и план, каде младинските политики и програми треба да се движат во следниот период, постојат и специфични програмски политики. Една од нив е програмата Еразмус+, што е воспоставена за поддршка на образование, обука, млади и спорт во Европа.

15 CM/Res(2008)23 on the youth policy of the Council of Europe
16 https://europa.eu/youth/strategy_en (пристапено во декември 2020)

Еразмус+ програмата се спроведува директно од страна на Европската комисија, како и преку национални агенции. Националната агенција за европски образовни програми и мобилност[17] со седиште во Скопје работи на промоција и спроведување на европските програми во областа на образованието, обуката, младите и спортот во Република Северна Македонија.

**Европскиот младински форум (ЕМФ)** е најголемиот сојуз и претставничко тело на европско ниво, кое го сочинуваат национални претставнички организации и меѓународни младински организации. Тие во својата резолуција за младинска политика (1998), европската младинска политика ја дефинираат како меѓусекторска, интегрирана политика насочена кон младите, со младите и која произлегува од потребите на младите луѓе. Во 2017 има развиено публикација во која се дефинираат 8 стандарди за квалитет при изработка на младински политики.[18]

Со дефинирање на стандардите за квалитет, Европскиот младински форум всушност, опишува каква треба да биде идеалната ситуација. Со тоа се овозможува механизам за проценка на реалната ситуација и идентификување на специфичните аспекти на кои би требало да се работи за да се достигнат стандардите. Тие може да помогнат преку поминување низ процес на самоевалуација (на страница 56), со цел добивање појасна слика за состојбата на младинските политики, но и за тоа и каква промена се сака да се постигне со нив.

### Осум стандарди за квалитет на младинска политика:

1. Пристап кон младинската политика базирана на човекови права[19]
2. Младинска политика заснована на докази
3. Партиципативна младинска политика
4. Политика за млади на повеќе нивоа
5. Стратешка младинска политика
6. Достапност на ресурси за младинска политика
7. Политичка посветеност и отчетност во младинската политика
8. Меѓусекторска политика за млади

17 https://na.org.mk/
18 A Toolkit on Quality Standards for Youth Policy; European Youth Forum
19 European Youth Forum “POLICY PAPER ON YOUTH RIGHTS” 2012

## 1.6 Младинско учество

Учеството е суштински елемент на активното граѓанство во едно демократско општество. Младинското учество подразбира вклучување на младите во процеси, институции и одлуки кои го засегаат нивниот живот. Учеството на младите не е цел сама по себе, туку е средство за постигнување позитивни промени во животот на младите луѓе и за градење подобро општество. УНИЦЕФ смета дека **учеството претставува човеково право** и затоа Конвенцијата за правата на детето[20] го истакнува правото на децата да учествуваат. Според член 12 од Конвенцијата, сите деца треба да бидат слободни да ги искажат своите ставови и да се чуе нивното мислење.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики **„младинско учество претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите“**.

Преку активното учество, младите имаат моќ да играат важна улога во сопствениот развој, како и во нивните заедници. Учеството им помага на младите да научат витални животни вештини, да развиваат знаења за човекови права и граѓанство и да промовираат позитивно граѓанско дејствување. За да учествуваат ефективно, на младите луѓе треба да им се обезбедат соодветни алатки, како што се информации, едукација и пристап до нивните граѓански права.

## 1.7 Младинска политика

Според дефиницијата дадена во Законот за младинско учество и младински политики, **„младинска политика е збир на мерки и активности кои се преземаат за да се задоволат потребите на младите, со цел остварување на нивниот полн потенцијал“.**

Младинската политика може да биде креирана специфично само за младите или пак поврзана со други сектори во чии рамки значајно е да се опфатат и младите. Воедно, политики за млади може да се сретнат и во политики од други сектори, кои се однесуваат на младите (на пр. образование, труд и социјална политика). Младинската политика може да вклучи мерки или програми за сите млади луѓе, но исто така може да вклучи и мерки за посебни групи на млади луѓе, како што се економски ранливи или млади кои живеат во рурални средини.

Освен јавните институции кои се клучни креатори на младинската политика, има многу други чинители кои може да бидат вклучени во информирањето, развивањето и спроведувањето на младинската политика: локални младински совети, младински организации, младински

20 https://www.unicef.org/northmacedonia/media/1806/file/MK_CRC_1990_MK.pdf (пристапено во ноември 2020)

неформални групи, младински работници, младински истражувачи, млади луѓе, училишта, наставници, работодавачи, медицински персонал, социјални работници, медиуми и други.

Локалните политики за млади, за разлика од националните, може да бидат подиректни во адресирањето на потребите на младите во одредена општина. Потенцираме дека е од исклучителна важност вклученоста на младите да биде од самиот почеток на процесот, односно од иницирањето, планирањето, подготвувањето, спроведувањето, следењето на политиката за млади, како и во оценувањето на политиките.

Целта на локалната младинска политика е да ја подобри општествената положба на младите луѓе во локалната заедница, како и да постави мерки што треба да се спроведат од страна на локалните институции и општината. Со политиката се одредува актуелната ситуација и се дефинираат целите и намерите во насока на остварување на потребите на младите. Со усвојувањето, младинската политика станува практична основа на идните делувања на демократскиот и политичкиот систем во однос на младите како неисцрпен и важен ресурс во општествените текови.

# 2. ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

## 2.1 Улога на локален младински совет

**Локален младински совет** претставува тело на локалната самоуправа кое го сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во Општината, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес во локалната самоуправа.

Локалниот младински совет има свој/а **претседател/ка и заменик-претседател/ка**, кои го претставуваат Советот во Општината и се задолжени за одржување на комуникацијата со службеникот/чката за млади на локалната самоуправа.

Законот за младинско учество и младински политики за прв пат го регулира и гарантира локалното младинско организирање и учество. Законските одредби кои го регулираат ова прашање се резултат на минатото искуство со работата на локалните младински совети, како и научените лекции и искуства, истражувања и набљудувања во ова поле и низ дискусии помеѓу вклучените чинители.

> Локалниот младински совет има советодавна и застапувачка улога во општините. Претставниците на Локалниот младински совет иницираат прашања за млади пред општините, учествуваат во процесот на изработка на локална младинска стратегија и акциски план за нејзино спроведување, предлагаат точки на дневен ред на советите на општините, вршат советодавни и застапувачки активности во интерес на младите кон општините.

Локалното младинско учество е нормирано во повеќе членови од ЗМУМП, од кои клучни кои ги уредуваат формирањето и работата на локалните младински совети се член 16, 17 и член 18.

Секоја општина е обврзана да формира Локален младински совет кој ќе работи на подобрување на животот и положбата на младите.

За да може Локалниот младински совет да го исполнува својот мандат, се формира како дел од општините (тело), за што самата општина треба да направи промени во статутот врз основа на одлука за формирање Локален младински совет. Оваа одлука може да се донесе врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики, како и врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа како и статутите на општините, во кои е наведено дека советите на општините може да донесат одлука за креирање посебни тела како советодавни тела на општините.

Доколку во Статутот на Општината веќе постојат членови што се однесуваат на Локалниот младински совет, треба да се провери дали истите се во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Во случај потенцијалните членови за Локален младински совет да се во колизија со Законот за младинско учество и младински политики, истите треба да се усогласат со законот.

## 2.2 Структура на Локален младински совет

Локалниот младински совет го сочинуваат членови, претставници на различни форми на организирање на младите, а покрај членовите се бројат и претседателот/ката и заменик- претседателот/ката. Вкупниот број на членови на ЛМС е различен во секоја општина – бројот на членови е непарен, не може да биде помалку од пет лица и да не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општината. Членовите на Локалниот младински совет, од своите редови бираат кој ќе биде претседател/ка и заменик-претседател/ка.

Локалните младински совети се избрани од локални собранија на млади, кои ги сочинуваат претставници на сите заинтересирани облици на младинско организирање кои работат во Општината. Оваа форма промовира инклузивност и се основа врз демократските вредности и начин на избор на претставниците на Локалниот младински совет во Општината. Клучна карактеристика на оваа форма е тоа што им дозволува на младите сами да си ги избираат своите претставници, правејќи го процесот демократски, инклузивен, транспарентен и отчетен.

Член 16 од Законот за младинско учество и младински политики, посветен на **улогата и формирањето на локалните младински совети гласи:**

**(1)** Општините, општините во градот Скопје и Град Скопје со статут предвидуваат формирање локални младински совети.

**(2)** Локалните младински совети имаат советодавна и застапувачка улога во општините, општините во градот Скопје и Град Скопје од делокругот на младински прашања и политики.

**(3)** Претставниците на Локалниот младински совет имаат право да:

- предлагаат точки на дневен ред на Советот на општините, општините во градот Скопје и Град Скопје кои ги засегаат младите;
- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општините, општините во градот Скопје и Град Скопје;
- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
- доставуваат информации до единиците на локалната самоуправа и Град Скопје за прашања кои се однесуваат на младите и
- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со овој закон.

**(4)** Бројот на членови на локалните младински совети е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општините, општините во градот Скопје и Град Скопје, но не може да биде помалку од пет лица.

**(5)** Членовите на локалните младински совети имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Табела: Структура на Локален младински совет

| Тело | Позиција/Улога | Опис |
|---|---|---|
| Локален младински совет | Претседател/ка на ЛМС | Се бира од редовите на членовите на ЛМС. |
| Локален младински совет | Заменик-претседател/ка на ЛМС | Се бира од редовите на членовите на ЛМС. |
| Локален младински совет | Членови на ЛМС | Се бираат од страна на Собранието на ЛМС. |
| Собрание на млади | Делегати | Собранието избира ЛМС. Сочинето е од делегат и од заменик-делегат од различните форми на организирање на младите во општината. |
| Собрание на млади | Заменици-делегати | Собранието избира ЛМС. Сочинето е од делегат и од заменик-делегат од различните форми на организирање на младите во општината. |
| Иницијативен одбор | Делегати | Се формира еднаш за да го свика првото Собрание на ЛМС, по што се распушта. Во него учествуваат претставници на различните форми на организирање на младите кои сакаат да учествуваат во основањето на ЛМС. |
| Конституенти (кого претставуваат) | Останати младински организации, форми на организирање и млади во Општината | Формите на младинско организирање може да учествуваат во работата на ЛМС; како членови на Собранието или како членови на ЛМС. Организациите и младите, дури и оние кои не се членови, се конституенти за кои се застапува ЛМС и треба да бидат информирани и консултирани во неговата работа. |

При изборот на Локалниот младински совет треба да се почитуваат следните основни принципи и вредности:

- Инклузивност – вклучување на младите без разлика на нивната културолошка, религиозна, етничка, идеолошка или друга припадност и карактеристики;
- Еднаквост – промоција на еднакво застапување на различните групи особено во родова застапеност;
- Младинско учество – младите сами ги избираат своите претставници, а не да се назначуваат;
- Промоција и вреднување на младинското лидерство;
- Опфаќање на сите млади од заедницата (на пр. млади невработени, неформални групи, групи од интерес на младите).

## 2.3 Чекори за формирање Локален младински совет

Секоја општина треба да ги спроведе овие чекори за воспоставување Локален младински совет кој промовира вклучување, инклузија и младинско учество.

Во краткиот табеларен приказ се прикажани чекорите за формирање, а подолу е дадено дополнително објаснување за секој од нив:

**Чекори за формирање Локален младински совет (Детален табеларен приказ е даден во прилог 1)**

1 Статутарна одлука на Совет на Општина за измена и/или дополнување на Статутот на Општината – Формирање посебно тело во Општината: Локален младински совет.

2 Општината распишува Повик за формирање Иницијативен одбор (ИО).

3 Повик за членство во конститутивното Локално собрание на млади – Иницијативниот одбор преку Општината објавува Јавен повик за членство во Локалното собранието на млади.

4 Одржување конститутивна седница на Локалното собрание на млади.

5 Повик за избор на членови на Локален младински совет.

6 Избраните членови на Локалниот младински совет се верификуваат од страна на Советот на Општината по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на Општината.

7 По верификацијата, на првиот состанок на Локалниот младински совет се избира претседател/ка и заменик-претседател/ка на Советот и заедно со членовите се носи Деловник за работа.

1. **Статутарна одлука на Совет на Општина за измена и/или дополнување на Статутот на Општината – Формирање посебно тело во Општината: Локален младински совет**

   Како прв чекор при формирање Локален младински совет потребно е да се направи измена и/или дополнување во Статутот на Општината со одлука за формирање Локален младински совет. Одлуката треба да се изгласа од страна на Советот на Општината и истата се базира врз основа на член 21 и член 36 став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа

(„Службен весник на РСМ“ бр. 05/2002), и член 16 или член 26 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр. 10/2020). Додадените членови во Статутот вообичаено треба да содржат дел кој го утврдува формирањето на Советот, неговиот состав, мандат и неговите обврски и одговорности. Доколку Општината во минатото има предвидено формирање Локален младински совет во својот статут, истата сепак ќе треба да направи измена и дополнување со цел членовите кои го уредуваат ова прашање да се усогласат со новиот Закон за младинско учество и младински политики, согласно член 26 став 6. Носењето ваква одлука е неопходно за правно започнување на процесот на формирање на Локалниот младински совет. *Пример од статутарна одлука е даден како прилог 2 во овој прирачник.*

### 2. Повик за формирање Иницијативен одбор

Општината распишува Повик за формирање Иницијативен одбор (ИО) согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики. Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Советот. Во повикот се напоменува дека Иницијативниот одбор се формира само еднаш за одржување на конститутивното Локално собрание на млади, има најмногу 5 члена и по успешно одржување на првата конститутивна седница на Собранието на млади истиот се распушта, односно мандатот престанува. Иницијативниот одбор треба да ѝ помогне на Општината со постапката околу креирањето на Локалното собрание на млади, т.е. Иницијативниот одбор го распишува Повикот за конститутивното Локално собрание на млади во согласност со статутите на општините, општините во градот Скопје и Град Скопје по принципот на транспарентност и јавност. *Повик за формирање ИО е даден во прилог 3 во овој прирачник.*

### 3. Повик за членство во конститутивното Локално собрание на млади

Иницијативниот одбор заедно со Општината објавува Јавен повик за членство во Локалното собрание на млади. Во Јавниот повик јасно е прикажан начинот на пријавување, критериумите кои треба да се исполнуваат за пријавување, како и рокот за пријавување. Повикот треба да биде објавен на веб-страницата на Општината, и да биде достапен за сите млади, а да се сподели на повеќе јавни места, на социјалните мрежи на Општината, до медиумите и до засегнатите чинители (форми на младинско организирање).

Формите на организирање и здружување кои може да учествуваат во Собранието не мора да бидат регистрирани во Општината, но мора да имаат активности на територијата на Општината. Делегатот и заменик-делегатот треба да бидат жители на Општината и на возраст од 15 до 29 години.

Критериумите за членство во Локалното собрание на млади, освен основните дадени во ЗМУМП, треба да се дефинираат во зависност од реалната слика во Општината водејќи се од принципите на инклузивност и родовата застапеност. Во меѓуетнички средини

важно е да се запази етничката застапеност во редовите на Собранието. *Пример на повик е даден во прилог 4.*

4. **Конститутивна седница на Локалното собрание на млади**

   Избраните делегати на Локалното собрание на млади се поканувaат од Иницијативниот одбор да учествуваат на конститутивната седница, со која заседава ИО заедно со одговорното лице на Општината.

   Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трилчлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членовите на Локалниот младински совет. На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од најмалку тројца членови на Локалното собрание на млади. Мандатот на членовите на Локалното собрание на млади вклучително и на претседавачот/чката трае две години со право на уште еден избор.

   **Претседавач/ка** е главниот застапник и претставник на Локалното собрание на млади. Претседавачот/ката раководи и претседава со Локалното собрание на млади, го претставува пред органите на Општината, ги следи насоките на членовите и Собранието во својата работа.

   **Членовите** работат на спроведување на активностите на Собранието, учествуваат во подготовка на документи и други активности. Претходните добри практики покажуваат дека е корисно секој од членовите да биде одговорен за некој од приоритетите на работа на Локалното собрание на млади, со цел да има подеднакво распределување на обврските, како и подеднаква одговорност во спроведувањето на активностите.

   На конститутивната седница, Локалното собранието на млади носи одлука за формирање комисија која до следната седница на Локалното собрание на млади треба да подготви деловник за работа на Собранието.

5. **Повик за избор членови на Локален младински совет**

   Првата седница на Локалното собрание на млади (веднаш после конститутивната седница) ја свикува веќе избраниот претседавач/ка на Собранието. На седницата се усвојува деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува одлука за распишување повик за формирање Локален младински совет на Општината, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општината, во локалните медиуми и на останати јавни места/социјални медиуми сè со цел да информира што е можно поголем број на млади во Општината. Повикот треба трае најмалку 10 дена од денот на неговото објавување.

Бројот на членови на Локалниот младински совет треба да биде непарен и да не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општината, општините во градот Скопје и Град Скопје, но не може да биде помалку од пет лица со избалансирана родова застапеност. Потребно е да се спроведат афирмативни или поттикнувачки мерки кои ќе доведат до балансирана застапеност на младите мажи и жени, како и застапеност на младите од различни етнички заедници и поттикнување на учеството на младите со попреченост. Членовите на Локалниот младински совет на Општината имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, надлежното лице, односно советникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот/ката на Собранието кои пак свикуваат нова седница на Собранието. На седницата на Локалното собрание на млади се покануваат делегатите на Собранието и младите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет, а ги исполнуваат критериумите од повикот.

Трачлената верификациона комисија на Локалното собрание за млади (креирана за време на конститутивната седница) го следи процесот на избор на членови на Локалниот младински совет на Општината и треба да ги потврди мандатите на делегатите.

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Собранието, по што следува постапката на гласање. Локалното собрание на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади. За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола.

### 6. Верификација од страна на комисијата/Советот на Општината

По потврдениот избор, верификационата комисијата на Локалното собрание на млади изготвува извештај/записник со листа на избрани членови кој го усвојува Локалното собрание на млади и истиот се доставува до Советот на Општината за верификација на нивните мандати. При престанок на членство или при избор на нови членови, Локалното собрание на млади писмено го известува Советот на Општината за промената и истиот ја потврдува со писмено решение.

Мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општината се верификуваат од страна на Советот на Општината по добиена одлука за избор од страна на Собранието на млади и истите се објавуваат во службените гласила на Општината.

### 7. Прва работна средба на избраните членови на Локалниот младински совет

На првата работна средба која ја отвора и води најстариот избран член, членовите на Локалниот младински совет од своите редови самите избираат претседател/ка

и заменик-претседател/ка и носат деловник за работа. За заменик-претседател/ка може да се избере член од различен пол од претседателот/ката. На првата, како и на секоја следна, членовите на Локалниот младински совет пред почетокот на средбата одредуваат записничар/ка кој може да ротира, и оверувачи на записник со цел да се има писмен запис од работата на ЛМС. *Пример на деловник за работа на ЛМС е даден во прилог 5 во овој прирачник.*




* Забелешка: Ова се чекорите во случај кога за прв пат се формира ЛМС. Во подоцнежна фаза, со истекување на мандатот/тите на ЛМС и потребата за нов состав не се формира ИО, туку Локалното собрание на млади директно објавува повик за членови.

## 2.4 Што кога во Општината веќе има Локален младински совет?

Во некои општини можно е веќе да постои или постоел Локален младински совет. Во овие случаи општините имаат обврска да ја трансформираат постоечката форма во Локален младински совет кој ќе биде во согласност со законските одредби. Ваквите случаи може да се сретнат во два облика:

(1) Општината веќе имала воспоставено Локален младински совет во минатото и го регулирала во своите акти, но Советот повеќе не е активен; и

(2) Општината во моментот има Локален младински совет кој е активен.

### Случај 1 – Локален младински совет кој не е активен

Доколку Општината имала формирано Локален младински совет во минатото, тоа претставува предност затоа што веќе е запознаена со неговото функционирање и има искуство со управувањето на вакви тела. Постојат општини кои во минатото имале Локален младински совет кој во моментот не е активен поради тоа што е истечен мандатот на членовите или кој од други причини згаснал. Доколку ЛМС е уреден во Статутот на Општината, потребно е да се разгледаат членовите кои го уредуваат и да се утврди дали се во согласност со одредбите од Законот за младинско учество и младински политики. Ова е неопходно за усогласување на документите и работата на Советот со постоечките прописи. Доколку се утврди дека има одредби во Статутот или во други документи кои се во колизија со ЗМУМП, треба да се направат измени кои ќе ги усвои Советот на Општината, со цел следење на законските одредби.

Иако ова изгледа како очигледен чекор, во минатото се има случено да се донесат одлуки за основање ЛМС во различна форма од онаа предвидена во Статутот, и потребно е да се изврши оваа проверка.

### Случај 2 – Постои активен Локален младински совет

Доколку во Општината во моментот има Локален младински совет, кој е правно и формално активен, Општината и одговорните лица, во соработка со членовите на Локалниот младински совет треба да изготват план за негова трансформација. Според ЗМУМП, доколку во Општината има ЛМС чиј мандат е активен, истиот треба да се трансформира според одредбите на ЗМУМП, во рок од една година од влегувањето во сила на законот (чл. 26, ст. (6)).

За да биде квалитетна оваа трансформација, идеално е да се утврдат основните прашања во врска со Локалниот младински совет:

- Дали ЛМС има активен мандат и дали неговите членови се активни?
- Дали ЛМС има активен мандат, и уште колку време е преостанато од мандатот на членовите?

- Дали ЛМС е уреден во подзаконските акти на ЛМС и дали се во согласност со ЗМУМП?
- Дали Статутот и документите за работа на ЛМС се соодветни со одредбите во ЗМУМП?

Подолу се следните чекори при постапување за секое од овие прашања.

**Доколку Локалниот младински совет има активен мандат**, односно мандатот за претставување на младите во Општината на избраните членови сè уште не е истечен, најпрво треба да се утврди за колкаво преостанато време станува збор. Доколку преостанатиот дел од мандатот е за краток временски период, тогаш до поминувањето на роковите за трансформација во моделот на ЛМС пропишан со ЗМУМП, веројатно е да истече мандатот на ЛМС и природно да треба да се формира нов ЛМС. Во ваков случај треба да се организира преостанатото време за работа на ЛМС кон трансформацијата и да се изработи моделот, да се проверат и да се усогласат подзаконските акти и документите кои го уредуваат работењето на ЛМС според ЗМУМП.

**Доколку членовите на Локалниот младински совет се активни**, односно се активни во рамки на своите мандати, препорачливо е да се вклучат во планирањето на оваа трансформација. За да не згасне активноста и ентузијазмот на младите околу ЛМС, Општината треба да ги вклучи во трансформацијата на Локалниот младински совет. Воедно, ова може да им даде мотив на некои од претходните членови да се кандидираат повторно и да учествуваат и во работата на трансформираниот совет, со што би се зајакнала одржливоста и институционалната меморија.

Доколку членовите на Локалниот младински совет не се активни, односно и покрај активниот мандат не се исполнителни, не учествуваат во комуникации или средби, ќе биде потешко да се вклучат во трансформацијата на ЛМС. Во ваков случај, Општината може да ги извести за претстојниот процес и за трансформацијата и да им понуди да се вклучат во процесот.

Во кој било од двата случаи, досегашните членови на ЛМС и лицето кое било задолжено за поддршка на неговата работа, имаат обврска да направат примопредавање и да ги затворат одговорно материјалите од досегашната работа на ЛМС. Тоа значи дека треба уредно да се провери дали се достапни и архивирани записниците од сите досегашни средби, другите материјали и документи поврзани со работата на ЛМС и да се изготват годишните извештаи за презентација и усвојување од Советот на Општината. Без разлика што мандатот истекува, членовите на ЛМС и лицето одговорно за поддршка на неговата работа имаат обврска да се погрижат работата на ЛМС да биде документирана, а обврските кон Општината и кон граѓаните исполнети.

**Доколку постоечкиот ЛМС е уреден во подзаконските акти на Општината**, истите треба да се идентификуваат, да се провери дали одговараат на одредбите во ЗМУМП и да се усогласат.

Можни и очекувани колизии, ако ЛМС е уреден во Статутот на Општината, се:

- Општината да предвидува ЛМС со поинаков број на членови од оној во ЗМУМП (голем број совети имаат 7 членови. Во ЗМУМП се предвидува бројот на членови да биде непарен, да не надминува повеќе од една третина од бројот на членови на Советот на Општината и да не брои помалку од 5 лица).
- Локалниот младински совет да има мандат на членови различен од оној во ЗМУМП (многу ЛМС во минатото имаа мандат од 4 години, што ја отежнуваше нивната одржливост затоа што повеќето членови не можеа да го исполнат тој мандат поради должината наспроти брзата динамика на промени и обврски кај младите. ЗМУМП предвидува мандат од 2 години).
- Членовите на Локалниот младински совет да ги избира Советот на Општината или градоначалникот/чката (ЗМУМП предвидува дека младите ги бираат своите претставници преку Локално собрание на млади, а нивната одлука е верификувана од Општината).
- Некои од формите на организирање кои имаат право да бидат дел од ЛМС да бидат исклучени од учество (во најголем дел од ЛМС од минатото не беше дозволено учество на членови на политичките подмладоци, додека ЗМУМП предвидува во ЛМС да учествуваат повеќе форми на младинско организирање: младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување).
- Организациите членки на ЛМС мора да бидат регистрирани на територијата на ЛМС (поради тоа што има многу организации кои работат во повеќе општини, а се регистрирани во една, ЗМУМП предвидува дека организацијата треба да има активности во општината, но не е неопходно да биде регистрирана во неа, додека делегатите треба да бидат жители на Општината).

Ова се само неколку примери за промени при трансформацијата на ЛМС кои ќе се јават во повеќе општини, но не се и комплетна листа на сите разлики кои може да се јават. Одредбите во ЗМУМП го стандардизираат моделот на локални младински совети во општините, но имаат за цел и да ги унапредат досегашните модели и практики. Иако промените може да изгледаат комплексни, зад нив има логичка поткрепеност.

Затоа е важно при трансформацијата, редоследот на делување да биде:

1) да се идентификуваат документите кои го уредуваат ЛМС и потребите за трансформација;

2) да се разгледа каков модел предвидува ЗМУМП и доколку е потребно да се одлучи кои ќе бидат другите специфики ако ЗМУМП ги дозволува;

3) да се направи промената со еден пакет измени кои ќе бидат доставени и усвоени од надлежните органи.

Притоа во овој процес треба да се консултираат (и вклучат, доколку се активни) досегашните членови на Локалниот младински совет.

**Доколку ЛМС има постоечки документи за работа кои ги усвојува самиот и не зависат од Општината**, при трансформацијата и тие треба да бидат разгледани и коригирани. Пример за вакви документи се Статутот на Локалниот младински совет, Деловник за работа или разни правилници. Во овие документи е исто така потребно да се направат измени, но бидејќи овие документи ги усвојува самиот ЛМС, ќе треба да бидат коригирани и доставени за усвојување од страна на основачкото Собрание.

## 2.5 Формирање тим и консултации

Процесот на трансформација на Локалниот младински совет треба да биде осмислен и да консултира клучни чинители во повеќе наврати. За трансформацијата Општината треба да утврди одговорно лице кое ќе раководи со овој процес – идеално е лицето кое досега работело на младински прашања и/или службеникот/чката за млади. Доколку тоа лице не е истото лице кое било одговорно за досегашниот ЛМС и/или службеникот/чката за млади, треба да се консултира со нив и да соработуваат заедно. За сите клучни промени одговорното лице треба да се консултира со службеникот/чката за млади и службите за правни работи, како и да ги извести одговорните лица и градоначалникот/чката.

Одговорното лице е исто така задолжено за консултации со младите кои биле или се членови на Локалниот младински совет. Доколку членовите се активни, треба да бидат информирани и да учествуваат во планирањето на трансформацијата, а доколку не се треба да бидат известени за истата.

Одговорното лице и Општината препорачливо е да соработуваат со локалните младински организации во нивната средина и да приберат информации за спроведувањето на ЗМУМП, за впечатоците од работата на Советот дотогаш и за трансформацијата.

Веројатно е во овој процес да се јават прашања и потреба од појаснувања на целите на ЗМУМП и на моделите за работа на Советот. Лицето одговорно од Општината треба да ја контактира

Агенцијата за млади и спорт, односно Секторот за млади, за да побара дополнителни насоки, образложенија и препораки во овој процес.

Промените и усогласувањето не се потребни само за да се усогласи работата на Општината со законите, туку се тесно поврзани со успехот на Локалниот младински совет. Низ текот на годините нема една единствена форма на младински совет, и секоја општина има формирано различни тела. Преку овие различни искуства, нивно набљудување и истражувања, ќе се креираат дополнителни заклучоци или пак препораки врз основа на научените лекции за идеалниот потребен модел на ЛМС кој ќе даде придонес кон процесите на креирање политики, ќе обезбеди младинско учество и ќе биде одржлив.



# ПРИДОБИВКИ ОД ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

## Придобивки за Општината

Со воспоставувањето и вклучувањето на Локалниот младински совет, Општината покажува отвореност и спремност за учеството во креирањето на младинските политики. Локалниот младински совет преку својата советодавна улога ја запознава Општината со потребите, предизвиците и проблемите со кои младите се соочуваат во локалната заедница и дава препораки за нивното решавање. Локалниот младински совет може да ѝ помогне на Општината да ги планира своите политики имајќи ги предвид интересите и потребите на младите луѓе, а со тоа и да ги подобри нивните можности и иднина во сопствената општина. Локалниот младински совет за една општина исто така значи и можност за креативност во нејзините пристапи. Најдобриот начин Општината да креира и спроведува добри политики за младите е да ги вклучи во нивното креирање, да ги праша за нивните потреби и препораки со цел нивното мислење да биде слушнато.

## Придобивки за младите

Со формирањето на Локалниот младински совет во Општината младите добиваат гарантиран канал за комуникација со локалните власти. Преку ЛМС тие може на Општината да ѝ ги понудат своите иновативни идеи и креативни предлози и да ја поттикнат истите да ги спроведе. Исто така, тие може да се консултираат меѓусебно, да им се даде можност да си го кажат својот глас, да изградат заеднички ставови и истите да ги застапуваат пред Општината. Оваа алатка за учество на младите им дава можност да бидат иницијатори и учесници во процесите на креирање политики за младите и да имаат директен придонес кон подобрување на сопствениот живот во средината каде што живеат.

# 3. РАБОТА НА ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

Овој дел од Прирачникот е наменет да им помогне на членовите на Локалниот младински совет да ја вршат својата работа како младински претставници пред Општината.

За успешно функционирање на Локалниот младински совет мора да има добра комуникација и соработка меѓу ЛМС и  Општината, Советот на Општината и младите.

Преку ЛМС младите добиваат гарантирано учество со цел нивниот глас да биде слушнат и даваат свој придонес во локалната заедница.

Локалниот младински совет во своето работење иницира, планира, учествува и/или дава мислење за креирање политики, стратегии, акциски планови и други стратешки документи во рамките на Општината кои се однесуваат на младите од локалната заедница.

*Улога и надлежности на Локалниот младински совет*

Локалниот младински совет има советодавна улога во Општината за прашања кои се однесуваат на младите во локалната заедница, и е важно тело за застапување на младите и нивните потреби и интереси[21]. За успешно да ја извршува оваа улога членовите на ЛМС треба да имаат редовна комуникација со службеникот/чката за млади и Општината.

*Улогата на Локалниот младински совет за Општината:*

- Да биде застапничко и советодавно тело за младински прашања и политики во Општината и да ги претставува интересите на сите млади од заедницата;
- Да предлага точки на дневен ред на Советот на Општината, кои ги засегаат младите за прашања поврзани со младите, според идентификуваните потреби и да предлага соодветни решенија;
- Да учествува или да биде консултиран во креирањето локални политики кои се значајни за младите од локалната заедница;
- Да го следи спроведувањето на локалните политики кои ги засегаат младите, да поднесува извештаи и предлози за подобрување на истите;
- Да ги извршува редовно и одговорно административните обврски кон Општината и да добие обука за истите како да ги извршува.

Локалниот младински совет има значајна улога за младите од заедницата, и треба да има разбирање за проблемите на младите, за барањата кои младите ги имаат, да им овозможи да се слушне нивниот глас и да бидат препознаени од страна на младите. Од голема важност е претставниците на Советот да бидат во постојана комуникација и спознавање на младите во локалната заедница преку средби, консултации и др.

---

21 Член 16 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)

*Улогата на Локалниот младински совет за младите од локалната заедница:*

- Да ги консултира младите за младински прашања и приоритети, слушање на гласот на младите;
- Во етнички мешани средини (и не само во нив) да се делува со интеркултурна сензитивност и да се имаат предвид потребите на сите млади особено на младите кои се маргинализирани, кои доаѓаат од помали етнички заедници и др;
- Да ги информира младите за донесените измени и одлуки од страна на Советот на Општината за прашања поврзани со младите;
- Да го поттикне и промовира активното граѓанско учество на младите;
- Да ги вклучува младите во донесувањето одлуки за младински прашања;
- Да промовира меѓусебна почит и разбирање за младите, промоција на инклузија и диверзитет.


Градоначалник/чка
Совет на Општина
Службеник за млади
Други вработени во Општина
Претседател/ка на ЛМС
Заменик претседател/ка на ЛМС
Членови на ЛМС
Собрание на ЛМС

## 3.1 Надлежности на општините кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики

Општините се клучните институции со надлежност за воспоставување локални младински совети и примена на Закон за младинско учество и младински политики на локално ниво. Преку добра подготовка, следење на законските прописи и минатите искуства во оваа област, општините имаат капацитет да воспостават одржливи и функционални младински совети кои ќе придонесат кон подобра работа и отвореност на Општината. Водењето грижа за следење на  овие чекори ќе направи и овозможи Општината да добие функционален и корисен ЛМС кој ќе ја подобрува нејзината работа.

*Доколку воспоставувањето на Советот е избрзано, без значајно учество на младите или без обезбедување комуникација со носителите на одлуки во Општината тогаш постои ризик тој да биде пасивно тело за кое членовите (младите) може да изгубат интерес, а неговата работа да згасне и вложените напори да бидат неуспешни.*

За поддршка при воспоставување на ЛМС, следејќи ги насоките од ЗМУМП и надградувајќи се на досегашните искуства подолу следуваат објаснувања и препораки за чекорите кои општините треба да ги преземат за да придонесат кон успешност на овој процес.

### 3.1.1 Службеник/чка за млади

Искуствата покажуваат дека општините кои претходно имаа назначено одговорно лице, односно координатор/ка за соработка и поддршка на работата на младите и ЛМС, од редовите на општинската администрација, бележат повеќе успех во младинските политики. Воедно, ова лице е клучната врска за успешна соработка помеѓу ЛМС и општината. Со ЗМУМП, се воведува „службеник за млади“ кој треба да го има секоја општина. Функцијата на службеникот/чката за млади е да биде одговорен/на за работата на Локалниот младински совет, за Канцеларијата за млади, како и за координирање и следење на прашањата за младите во делокругот на работа на институцијата. Службеникот/чката за млади е одговорното лице за воспоставувањето и работата на ЛМС, и контакт помеѓу институцијата и советот, како и контакт со младинскиот граѓански сектор.

Службеникот/чката за млади е задолжен да ја поттикнува и поддржува работата на Советот, да обезбедува помош при закажување и организирање состаноци, средби со институции, да

дава помош при реализирањето активности предвидени со годишната програма на ЛМС, како и логистичка поддршка при подготовка на седници на Советот.

За Општината да биде подостапна за младите, информациите и контактите на службеникот/чката за млади треба да бидат јавно назначени на гласилата на Општината.

Подолу се дадени предлог работните задачи на службеникот/чката за млади:

- Развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите на локалната самоуправа;
- Развивање, подготовка и грижа за спроведување на политиките за млади на локалната самоуправа;
- Поддршка на работата на Локалниот младински совет, на неговите членови, на спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност;
- Иницирање и поддршка на активности на локалната самоуправа поврзани со младите;
- Одржување комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите во Општината;
- Следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на Општината, консултации со младите и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите;
- Обезбедување информации и информирање на младите во Општината;
- Редовна соработка со средни училишта, високообразовни установи и здруженија, како и други форми на младинско организирање;
- Водење база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт;
- Редовна комуникација со АМС и да биде контакт лице за младинските прашања на Општината кон младите и јавноста.

## 3.1.2 Канцеларија за млади

Општината треба да обезбеди технички и просторни услови за работа на Локалниот младински совет. Од тоа зависи можноста за непречена работа, одржување средби и координација на Советот.

*Канцеларијата за млади се разликува од младински центар. Младинските центри се места каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, се разменуваат информации од важен интерес за младите и се опфатени други аспекти од животот на младите.*

Минимални услови кои Општината треба да ги обезбеди се: канцеларија во која ќе може да се работи и да се одржуваат помали средби, биро/а за работа, столови, компјутер, печатач и пристап до интернет-врска, како и основни канцелариски материјали.

Секоја општина има законска обврска да отвори канцеларија за млади, од која службеникот/чката за млади ја координира работата за млади и која претставува примарна точка за пристап на младите кон самата општина. Секоја канцеларија за млади треба да биде адаптирана за да обезбеди непречено и редовно функционирање на ЛМС. Општината на барање на службеникот/чката за млади и ЛМС треба да им дозволи користење сала за состаноци во Општината.

Овие услови ќе овозможат зголемување на функционалноста на ЛМС, можност за работа, координација со службеникот/чката за млади, одржување состаноци и седници на советот, средби со претставници на институциите, на младинските организации или општо тоа ќе биде место каде секое младо лице од Општината ќе може да оствари средба со членовите на ЛМС.

## 3.1.3 Запознавање со Општината и обуки за Локален младински совет

Имајќи предвид дека членовите на ЛМС се млади лица, со различен степен на искуство и познавања на младинските прашања и политики и работата на Општината, особено е важно да се одржи обука по формирањето на Советот за нивно информирање за работата на ЛМС, за младинските политики и делокругот на делување и за надлежностите на Општината.

По формирањето на ЛМС, службеникот/чката за млади и Општината препорачливо е да организираат обуки за градење на капацитетите на членовите на Локалниот младински совет.

Темите кои овие обуки треба да ги опфатат се: основи на функционирање на Општината, структура, делокруг на работа и надлежности; обука за младински политики во РСМ и обука за организирање на работата на Советот. Преку ова, на членовите треба да им се обезбедат информации за одговорностите на Советот на Општината, за начинот на функционирање, процесот на свикување седници и донесувањето одлуки во рамките на Советот на Општината.

Службеникот/чката за млади треба да организира средба со градоначалник/чка или претседател/ка на Советот за членовите на ЛМС, како и посети на седници на Советот на Општината. Доколку Општината сака да добие поддршка во организацијата на активности на градење капацитети на членовите на ЛМС за успешна работа, може да оствари соработка со локални младински организации или да стапи во контакт со Агенцијата за млади и спорт.

### 3.1.4 Локална стратегија за млади

Локалната стратегија за млади претставува институционална рамка за локалните младински политики на Општината во претстојните пет години.

Според ЗМУМП, локалната стратегија за млади е со период од 5 години, вклучувајќи акциски план за период од една до три години. Акцискиот план вклучува активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на локалната стратегија за млади. Локалната стратегија за млади се спроведува со буџетски средства од Општината.

Одговорноста за креирање и усвојување на локалната стратегија за млади е кај Општината, која мора да го вклучи и Локалниот младински совет во нејзината подготовка. Ова не значи дека ЛМС треба да биде одговорен за целиот процес на креирање локална младинска стратегија, за што Општината може да ангажира и надворешни соработници кои ја имаат потребната експертиза и методолошки знаења.

Процесот на креирање локална стратегија за млади треба да биде транспарентен, инклузивен и да обезбеди учество на сите чинители кои имаат влијание врз младинскиот развој во една локална заедница. Во нејзиното осмислување значајно место треба да имаат средношколци и студенти, граѓански организации, млади од политички подмладоци, млади новинари, маргинализирани групи, активисти на здруженија од областа на културата и спортот и др. Локалниот младински совет има клучна улога при обезбедување партиципативност, транспарентност и отчетност во целиот процес.

При креирањето на стратегијата, треба да се запазат и потребите на различните групи на млади, особено на оние кои се маргинализирани на локално ниво. Па така, треба да се води сметка да се вклучат и да се претстават и потребите на младите лица кои доаѓаат од различни етнички заедници, рурални средини, млади лица со попреченост, млади кои доаѓаат од семејства со помали економски можности и други групи.

При процесот на креирање на стратегијата, Општината формира тим кој ќе го координира целокупниот процес. Тимот треба да ја утврди актуелната состојба на младите луѓе во заедницата и да ги утврди нивните клучни потреби, кои ќе ги претстави до пошироката локална јавност. Правилното дефинирање на младинските потреби е најважната задача на сите оние коишто работат со млади и за млади.

Носењето одлуки кои ќе бидат приоритети на стратегијата е важен и понекогаш тежок чекор, при што треба да се утврди кои проблеми имаат повисока вредност. Врз основа на дефинираните младински потреби и утврдените приоритети, тимот одговорен за развивање на локалната младинска стратегија, дефинира конкретни цели и мерки за задоволување на утврдените потреби на младите луѓе. Важно е дефинираните приоритети, цели и мерки да бидат во согласност со Националната стратегија за млади со цел да се обезбеди координиран пристап и доследност.

Целиот процес треба да вклучи јавна консултација со сите локални чинители кои се засегнати од младинската политика, кои ќе обезбедат различни перспективи, споделување мислења и препораки за подобрување на пристапите. Финалната локална стратегија за млади, консултирана со јавноста, а особено со младите, ја одобрува Советот на Општината. Општината обезбедува транспарентност и отчетност за спроведувањето на стратегијата, преку подготовка и објавување редовни извештаи и координација со Агенцијата за млади и спорт.

## 3.1.5 Финансирање

Заради остварување на планираната годишна програма за работа, а со тоа и легитимноста на предвидените активности, Локалниот младински совет изготвува и финансиски план за реализација на програмата. Финансискиот план заедно со програмата за работа на Локалниот младински совет се предлага на одобрување најпрво до Локалното собрание на млади, а по нејзино одобрување од страна на Собранието, програмата се доставува до Советот на Општината. На седницата за усвојување на финансискиот план членовите на Советот на Општината имаат право да побараат дополнителни објаснувања за одредени буџетски побарувања, а Локалниот младински совет е должен да даде соодветно објаснување за секој предвиден трошок. Одобрениот буџет за работата на Локалниот младински совет е дел од општинскиот буџет и треба да биде дефиниран во посебна буџетска линија, односно програма, во буџетот на Општината.

Со ЗМУМП општините се задолжени да издвојат најмалку 0,1 % средства од годишниот буџет за спроведување на законот, меѓу кои средства треба да се најдат и оние за финансирање на трошоците за работа на Локалниот младински совет и за реализација на неговата годишна програма.

## 3.2 Делокруг на работа на Локалниот младински совет кон Општината и младите

Овој дел од Прирачникот ги објаснува обврските на Локалниот младински совет и активностите кои треба да ги спроведува во текот на своето функционирање.

### 3.2.1 Редовни седници и средби на Локалниот младински совет

Локалниот младински совет својата работа ја врши преку редовни седници. Бројот на седници кои треба да се одржат во текот на една година може да биде утврден во статутот на локалната самоуправа или во деловникот за работа на ЛМС. Доколку овој број не е утврден, препорака е да се одржуваат средбите најмалку еднаш месечно, односно да се одржат 12 седници во текот на една година. Покрај овие редовни седници, може да се одржуваат и вонредни седници како и неформални состаноци.

За да може да се одржи една седница таа треба да биде навремено свикана од претседателот/ката со известување до сите членови. Ако претседателот/ката не може или не сака да свика седница, има можност да ја свикаат членовите на ЛМС. Поканата за седницата и дневниот ред треба да се пратат однапред и навремено до секој член на ЛМС  и до лицето задолжено за ЛМС од Општината, односно до службеникот/чката за млади.

Секоја седница треба да се води според дневен ред, кој се утврдува на почетокот на седницата на предлог на претседателот/ката.

Предуслов да се одржи една седница е таа да има кворум, односно доволен број присутни членови. Најчесто кворумот е определен како мнозинство од вкупниот број на членови на Советот.  И ова прашање треба да биде дефинирано во деловникот.

За да се донесат одлуки за точките на дневниот ред, треба да има гласање, кое е поврзано со кворумот. Најчесто одлуките се носат со просто мнозинство (односно повеќе од половина гласови од присутните членови на седницата) или апсолутно мнозинство (повеќе од половина гласови од вкупниот број членови на Советот независно од присуството на седницата).

За секоја седница треба да се подготви и усвои записник. Треба да има записничар и двајца оверувачи на записникот. Записничар може да биде кој било член на Советот присутен на седницата или пак службеникот/чката за млади. Дополнително, препорачливо е да се воведе

улогата на „gender watch“[22], односно еден од членовите да води евиденција за тоа колку жени и колку мажи зборувале, аргументирале и учествувале во работата. На крајот на состанокот овие податоци може да укажат на тоа дали треба повеќе да се води грижа за родовата рамноправност во работата на ЛМС и да се воведат дополнителни механизми за учество на помалку застапениот пол.

Записникот содржи датум на одржување, присутни членови, дневен ред, донесени одлуки и забелешки од дискусијата. Записниците се неопходни за да биде валидна и да може да се архивира работата на ЛМС, а се важни за членовите кои се отсутни за да бидат информирани за одлуките како и за одржување на институционалната меморија.

При работата на седниците на ЛМС треба да се почитува принципот на јавност и транспарентност, односно да имаат можност да присуствуваат младите (јавноста) за време на седниците.

### 3.2.2 Креирање годишна програма

Еден од првите чекори на работа е да се има план и договор што ќе се работи, односно да се креира и подготви годишна програма за работа. Затоа, по основањето членовите на ЛМС треба да разговараат и да подготват програма за својата работа.

Годишната програма е документ во кој се сместени сите идеи, предлози и планови за работа во период од 12 месеци која се однесува на тековната година. Годишната програма се базира на реалните потреби на младите во Општината и треба да ги опфати плановите и стремежите за решавање на проблемите и потребите на младите.

Годишната програма треба да ги содржи приоритетните области и цели кон кои се стреми Советот и неговите членови, кои се од интерес на младите и во делокругот на делување на Општината. Секоја цел од програмата за работа на ЛМС е врзана со активностите кои ќе ги изведува Советот, односно активностите се изведуваат за исполнување на целите (прилог 10). Членовите на ЛМС, пред финализирање на програмата треба да го консултираат Локалното собрание на млади и службеникот/чката за млади, по што истата се поднесува на одобрување до Советот на Општината.

Треба да се земе предвид, дека не сите активности, мерки или интервенции што се предложуваат имаат ист ефект врз сите млади во Општината. При креирањето на годишната програма, пожелно е да се соработува со координаторката/координаторот за еднакви можности во Општината, како и со членовите кои се во комисијата за еднакви можности. Дополнително, треба да се истражат и утврдат дали предложените активности од страна на ЛМС се родово

22 Процес во кој се мери колку мажи и колку жени земале збор на состаноци и колку долго зборувале. Ваквата практика ќе укаже дали Локалниот младински совет остава простор за помалку застапениот пол и ќе укаже дали треба да се креираат дополнителни механизми за учество

неутрални, или имаат поголемо влијание врз едниот или другиот пол. Со ваквата кратка анализа ќе се обезбеди предлог-активностите да бидат точно насочени кон целните групи и да имаат родова димензија. Покрај тоа, со применувањето на овој пристап, ќе се обезбеди воспоставување родова рамноправност, но и инклузивност во предложените мерки.

Локалниот младински совет има обврска да ја изготви годишната програма за работа секоја година. Препорака е годишната програма да биде изработена најдоцна до крајот на октомври секоја година за да има време да се поднесе и усвои на седница на Советот на Општината поради роковите за ваквите постапки.

Општината располага и со буџет за млади, кој исто така може да се искористи за програмата на ЛМС. Овој не е во сопственост на ЛМС, туку тоа се финансиски ресурси кои Општината ги обезбедува и директно ќе ги исплаќа за потребите на ЛМС. Иако одговорноста да се реализира буџетот е кај Општината, одговорноста за иницирање и организирање на активностите за кои има финансиски ресурси е кај членовите на ЛМС, бидејќи е дел од годишната програма за работа.

Кога ќе се подготвуваат предлозите за буџетот, препорачуваме принципот на родовото одговорно буџетирање да се земе предвид. Во планирањето на активностите и финансиските ресурси, потребно е да се подготви проценка од аспект на родовата рамноправност и вклучување на родовите перспективи на сите нивоа во процесите на буџетирање, односно, да се процени дали и како буџетот и предложените активности ќе влијаат врз различните потреби на младите мажи и жени во Општината.

### 3.2.3 Организирање консултации со младите во Општината и состаноци за информирање

Улогата на членовите на ЛМС е да ги претставуваат потребите на младите пред Општината, но и да ја доближат работата на Општината пред младите во местото каде што живеат. Со цел за зголемување доверба, отвореност и поддршка, членовите на ЛМС треба редовно да комуницираат и да ги консултираат младите.

Консултацијата со младите, може да се направи на два начини:

Првиот начин е преку комуникација со Собранието на ЛМС; односно со неговите организации членки и делегати. Ова тело е примарно за работата на ЛМС, бидејќи членовите на ЛМС се избрани од ова тело и членовите имаат мандат да ги претставуваат младите. Исто така, во ова тело се собрани различни организации (граѓански организации, средношколски заедници, подмладоци на политички партии итн.); и преку тоа тело имаат пристап до различни идеи и потреби.

Вториот начин е преку средби и консултации со другите млади (и младински организации) во Општината.

## 3.2.4 Консултации со Локалното собрание на млади

ЛМС треба да има најмалку два состаноци со Локалното собрание на млади годишно. Собранието треба да биде вклучено, односно информирано при подготовката на годишната програма за работа и при презентирањето на годишниот извештај. Ако има и други теми за дискусија може да има и повеќе средби со Собранието. Препорачливо е и кога нема средби членовите да бидат континуирано информирани, преку испраќање записници од седниците или информации за поважни активности на имејл.

## 3.2.5 Консултации со млади

Како ЛМС кој работи за сите млади, членовите на ЛМС треба да ги информираат и консултираат и младите кои не се членови на организации. Ова може да се прави преку јавни настани или консултации. Консултациите може да се вршат и по електронски пат или анкета. Ваквите консултации треба да бидат достапни за сите, и младите слободно да може да ги изразат своите потреби и проблеми.

За поспецифични потреби ЛМС може да организира средби и со млади и со носители  на одлуки користејќи го методот на „Структурен дијалог",[23] при што за одредено прашање на едно место може да се слушнат мислењата и на младите и на носителите на одлуки или на претставниците на одговорните локални или национални институции.

## 3.2.6 Присуство на седници на Советот на Општина

Главната функција на ЛМС е да биде гласот на младите при креирањето политики и донесувањето одлуки во Општината. Членовите на ЛМС имаат право да учествуваат, предлагаат точки на дневен ред на Советот на Општината, и да иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општините. Присуството на седниците на Советот на Општината е задолжително за членовите на ЛМС. Ова е една од најважните улоги и можности на Локалниот младински совет – да ги пренесува барањата на младите на Советот на Општината и да се потруди тие да се преточат во вистински политики и решенија.

Седниците на советите на општините се јавни, но бидејќи ЛМС е тело на Општината учеството на седниците треба да биде организирано во координација со службеникот/чката за млади. Општината или општинската администрација задолжена за подготовка на седниците на Советот на Општината, е должна еден примерок од материјалот за седницата на Совет на Општината да достави до ЛМС, во согласност со начинот за достава до членовите на Советот на Општината. Дури и на седниците на Советот да нема точки кои се однесуваат на младите,

23 „Стручен дијалог од А до Ш" достапен на македонски на: http://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/Strukturen-dijalog-od-A-do-Sh.pdf (пристапено во декември 2020)

може да се одреди член/ка кој/а ќе присуствува, со цел следење на текот на расправата (како и во случај да се дискутираат прашања кои ќе ги тангираат младите).

Членовите на ЛМС, во координација со службеникот/чката за млади може и самите да иницираат одредрена точка за младите да биде ставена на дневен ред на седница на Советот на Општината.

### 3.2.7 Подготовка на предлози и иницијативи до градоначалникот/чката и/или претседателот/ката на Совет

Откако членовите на ЛМС ги идентификувале потребите на младите и нивните мислења и е изграден став за тоа што може да се преземе, тоа треба да го преточи во препорака за одредена политика кон Општината. Впрочем, главната улога на ЛМС е да ги претставува потребите на младите пред носителите на одлуки во институциите преку застапување.

Процесот на институционално застапување може да биде:

- **неформален** преку состаноци и средби со градоначалникот/чката, претседателот/ката на Совет, советниците или администрацијата во Општината,
- **формален** преку поднесување писмени предлози и иницијативи адресирани до Советот на општината или до градоначалникот/чката.

Во зависност од типот на проблемите, решенијата може да бидат во надлежност на градоначалникот/чката и администрацијата во Општината или пак на Советот на Општината. Поради ваквиот комплексен систем на работа на Општината, потребно е ЛМС да биде во постојан контакт со службеникот/чката за млади и да доставува предлози до Општината. Потребно е да бидат земени предвид различните предизвици и потреби на младите мажи и жени што ќе бидат адресирани до Општината.



**Препорака:**

Со градоначалникот/чката може да се воспостави систем за директни состаноци со членовите на Локалниот младински совет. Градоначалникот/чката би требало да учествува во настаните и во спроведувањето на активностите на Локалниот младински совет. На пример, кога се носи буџетот на Општината, ЛМС може да организира настан заедно со градоначалникот/чката каде што тој или таа ќе ги објасни финансиите кои се наменети за младите во Општина.

## 3.2.8 Инклузивност во Локален младински совет

Инклузивноста или вклученоста во ЛМС се манифестира преку:

- Застапеност на различни млади лица во составот и во раководните структури на ЛМС;
- Идентификување на потребите на младите лица кои припаѓаат на различни групи (на пример: лица со попреченост, лица со различна сексуална ориентација, лица со различен социјален статус итн.);
- Претставување на потребите на овие млади пред општините, односно нивно застапување пред креаторите на политиките;
- Предлагање решенија, влијание и учество во донесувањето на одлуките кои влијаат врз животите на овие млади луѓе.

Со цел поконкретно да се објасни што значи сето ова погоренаведено, подолу следува пример за учеството на младите со попреченост во политичкиот и општествениот живот.

Иако во Република Северна Македонија не постои точен регистар на лицата со попреченост, сепак, има млади кои во нашата земја имаат некаков вид на попреченост. Младинските организации, организациите за млади и сите други облици на младинско организирање, вклучително и ЛМС мора да обезбедат услови за политичко учество и активизам на овие млади лица, без оглед на типот на нивната попреченост. За младо лице со физичка/телесна попреченост да може активно да учествува во работата на ЛМС, просториите кои ги користи ЛМС мора да бидат пристапни. Доколку не постои соодветна рампа, лифт, приспособен тоалет и сл., овие лица автоматски ќе бидат исклучени од учеството во работата на ЛМС, без оглед што го имаат тоа право. Доколку материјалите, програмите и документите не се достапни и не се во формати кои им се разбирливи на лица со сензорна попреченост (со оштетен слух, вид и сл.), тие исто така по автоматизам ќе бидат исклучени и нема да може да го дадат својот придонес во работата на ЛМС. Нивната исклученост, од друга страна пак, повлекува неможност да се воочат и разберат проблемите и тешкотиите со кои се соочуваат овие млади лица и со самото тоа неможност да се предложат соодветни решенија за подобрување на квалитетот на животот.

Алатки и мерки за унапредување на инклузивноста на младинското учество се:

- Зголемување на свесноста на членовите и претставниците на ЛМС за важноста на концептите и начините за остварување на инклузијата преку кампањи и специјализирани обуки;
- Борба против дискриминација и особено против говорот на омраза упатен кон млади лица поради некоја нивна карактеристика;
- Анализа и идентификација на различните аспекти, пречки и потреби кои произлегуваат од посебните карактеристики на одредена група млади;
- Примена на таканаречени афирмативни или поттикнувачки мерки кои имаат за цел да ги отстранат пречките кои во пракса го спречуваат младинското учество на одредено лице или група. Пример за афирмативна мерка е воведување квота за застапеност на одредена група во ЛМС (жени, лица со попреченост, одредена етничка група сл.), за која се утврдило дека вообичаено е недоволно застапена и со самото тоа нејзиниот глас не е слушнат;
- Се разбира, дури и ваквите поттикнувачки или афирмативни мерки не ја гарантираат еднаквоста, и затоа ЛМС секогаш треба редовно да ги преиспитуваат, односно да ги оценуваат своите резултати во однос на различните групи млади лица и да предлагаат мерки за подобрување;
- За да се изработи каква било анализа или евалуација потребно е да постои и соодветна статистика, па затоа е неопходно ЛМС да вршат влијание во општините, во рамките на своите можности, да водат соодветно разделена статистика (по пол, род, попреченост, социјална положба и сл.) за сите дејности кои ги вршат;
- Интегрирање на политиките и мерките за инклузија во стратешките и акциските планови на ЛМС и обезбедување соодветен буџет за нивно спроведување;
- Размена на добри практики во регионот и во земјите од Европската Унија.

Сите овие алатки и мерки ќе придонесат за креирање безбедна околина која е предуслов за инклузивно младинско учество. Само во безбедна средина, секој млад човек ќе чувствува слобода да ги изрази своите ставови, да се ангажира и да го оствари целиот свој потенцијал.

## 3.2.9 Годишен извештај

За да може да се работи одговорно и отчетно, ЛМС треба да ги известува членовите на своето Локално собрание на млади, општината и младите во општината. ЛМС има обврска да изготвува годишни извештаи за својата работа, кои ги доставува до своето собрание, до Советот на Општината, а по нивното усвојување ги објавува и јавно. Во изработката на извештаите членовите на ЛМС може да побараат помош од службеникот/чката за млади.

Извештајот треба да информира што и како работел ЛМС минатата година, за што одржувал средби и колку вкупно средби, за кои прашања дискутирал и какви одлуки донел. Важно е да информира за кои прашања за младите ЛМС се застапувал во изминатата година, на кој начин (средби со институции, доставени предлози за политики, присуство на седница на Совет) и кои биле постигнувањата. Доколку се случиле промени во политиките за млади (на пр. се прифатило барање за подобро осветлување на јавните површини, нова велосипедска патека или зачестен превоз до училиштата), тоа треба да се наведе како успех или пак како позитивна промена.

По изработката на извештајот треба да се организира презентација пред Локалното собрание на млади. Откако извештајот ќе биде затворен од ЛСМ, истиот се поднесува и се презентира пред Советот на Општината. Усвоениот годишен извештај се објавува во електронска верзија на веб-страницата на Општината.

## 3.2.10 Завршување на мандатот и процес на примопредавање од старото на новото членство

Откако ќе заврши мандатот на еден ЛМС и ќе се избере ново членство, треба да се изврши примопредавање на работата. Овој процес е од исклучително значење за старото и новото членство бидејќи на тој начин ќе се обезбеди функционалноста на ЛМС и институционалната меморија.

Примопредавање на работата треба да се направи веднаш по изборот на ново членство. Овој процес подразбира состанок на старото со новото членство како и доставување на документите[24] подготвени од страна на ЛМС, канцелариски и технички материјали и/или опрема со кои располага ЛМС, како и сите корисни информации за работата на ЛМС за време на својот мандат. Во овој процес пожелно е да биде вклучен и службеникот/чката за млади, како и да се направи формален записник за предадените материјали и документи.

24 Чести документи кои треба да се предадат се: Деловник за работа на ЛМС, годишни програми, листа на спроведени активности, записници, извештаи, листа со контакти на членови на ЛМС, листа со контакти на релевантни чинители (организации за млади, младински организации, национални чадор организации, волонтери, младински работници, претставници од меѓународни организации)

## 3.2.11 Самоевалуација: Дали Локалниот младински совет е успешен?

Самоевалуацијата претставува значаен и континуиран процес на следење и проценка на квалитетот на работата, влијанието во општеството и нивото на остварување на целите. Овој процес ќе им помогне на членовите на ЛМС да направат рефлексија што направиле, односно што постигнале со активностите, да размислат што може подобро да направат како членови на ЛМС за младите во Општината. За да се констатира дека еден Локален младински совет успешно функционира потребно е да се исполнат одредени критериуми.

Следната табела служи како модел на проценка на ефективноста, успешноста и влијанието на ЛМС.

| *Основни критериуми за проценка на активноста на Локалниот младински совет* | *Во зависност од тоа дали е исполнета или не е, изберете на скала од 1 до 5, каде што 1 воопшто не е остварена целта или пак активноста, а 5 дека целосно е остварена целта, односно активноста.* <br> *За секој потврден одговор треба да се наведат примери како доказ!* |
|---|---|
| ЛМС има членови кои се активни, кои се избрани од страна на младинските форми на организирање | |
| ЛМС е препознаен од страна на младите од заедницата, ги има идентификувано потребите и предизвиците со кои тие се соочуваат | |
| Членовите на Локалниот младински совет даваат мислења, предлози или препораки на вработените во Општината, советниците или градоначалникот/чката | |
| ЛМС има редовни состаноци и седници, и од нив подготвува записници | |
| ЛМС има свои документи кои ја уредуваат и насочуваат неговата работа, и ги почитува и применува истите (на пр. Деловник за работа на ЛМС Годишна програма за работа итн). | |
| ЛМС одржува комуникација со службеникот/чката за млади од страна на Општината | |
| ЛМС комуницира/соработува со други локални младински совети и споделува добри практики | |
| ЛМС промовира сеопфатно младинско учество, инклузија и меѓукултурна соработка | |
| Преку работата на ЛМС се постигнати промени за младите во локалната заедница | |
| Предлозите од ЛМС кон Општината (Совет на Општина, градоначалникот/чката, вработените во Општината други институции) се земени предвид | |

| | |
|---|---|
| ЛМС има постигнато нешто со што го направило подобар животот на младите во нивната Општина | |
| ЛМС има направено Општината да ги промени постоечките или да креира нови пристапи за младите во Општината | |
| ЛМС ги консултира и охрабрува младите од Општината да му пристапат, и ги пренесува нивните мислења и потреби до Општината | |
| ЛМС бара отчетност и ја проценува ефикасноста на лидерите на ЛМС, нивната активност и посветеност на позицијата | |
| ЛМС ги носи одлуките самостојно, и не е под влијание на Општината или на други надворешни структури | |

При правењето на самоевалуацијата важно е секој одговор да се поткрепи со специфични, конкретни примери, со цел процесот да биде оправдан и легитимен. Самоевалуацијата треба да се врши редовно, вклучувајќи ги различните чинители што се дел од Локалниот младински совет.

## 3.3 Јавност на работата на локалните младински совети

Да се биде член на ЛМС во една Општина е чест, но и обврска пред младите луѓе во Општината. Самата позиција член не значи дека се добива авторитет и поддршка кај сите млади, туку напротив, членството во ЛМС треба да се докаже за што се застапува и како се прави тоа за младите. Со цел стекнување доверба, поддршка и авторитет членовите на ЛМС мора постојано да бидат во комуникација со сите влијателни чинители – и младите и институциите. Ова подразбира дека е неопходно да се промовира улогата на ЛМС пред младите, но и пред локалните институции.

Работата на ЛМС треба да биде видлива за јавноста и за секој заинтересиран млад човек, особено затоа што ЛМС е јавно и претставничко тело кое ги претставува и застапува интересите на сите. Па така, значајно е ЛМС да биде транспарентен и отчетен кон јавноста и кон младите од општините, во што посебна улога имаат односите со јавноста.

Дел од најзначајните информации за јавноста во однос на Локалниот младински совет се:
- Што е работата на ЛМС? Кои се неговите последни постигнувања и на што се фокусира во својата работа за младите?
- Кој го сочинува, кои се членовите и нивните улоги?
- Кое е времетраењето на мандатот на Локалниот младински совет?
- Дали Советот има своја програма, буџет и извештаи и како да се најдат?
- На кој начин и преку кои канали може да се стапи во контакт со ЛМС?

Одговорите на сите овие прашања треба да бидат лесно достапни, а подолу следуваат насоки за дел од начините како да се направи тоа.

## 3.3.1 Дефиниција и цели на односите со јавноста

Односите со јавноста обезбедуваат комуникација на ЛМС со јавноста преку различни канали и алатки на комуникација кои се достапни. Односите со јавноста се плански и континуиран процес на информирање и комуникации преку различни алатки. За да се утврди која алатка е соодветна за комуникација треба да се утврди која е целта на комуникацијата, пораката која треба да се пренесе и јавноста до која треба да допре. Алатките може да бидат: веб-страници, извештаи, соопштенија, интервјуа, јавни настани, користење дигитални социјални мрежи, организирање настани за консултации и информирање итн.

За ЛМС, најчести засегнати страни се: младите од Општината, Општината со нејзините вработени и различните органи како Советот на Општина и градоначалникот/чката, медиумите, локалното население итн.

Младите во Општината, без разлика дали се членови на Советот или не, се клучната група за која постои самиот ЛМС. Оттука, важно е да се одржува квалитетна комуникација со младите како примарна целна група на Советот.

Подолу се  разработени неколку потенцијални форми преку кои едноставно и ефективно може да се одржуваат комуникациите и да се вклучат младите.

При осмислување и водење на комуникациите, особено е важно тие  да бидат пристапни за сите млади. Ова значи:

- Комуникациите на ЛМС да бидат достапни на јазиците кои се користат во Општината;
- Комуникациите да бидат достапни за млади лица со попреченост (преку изработка на аудиоматеријали, користење суптитлови (преводи) на видеата, обезбедување толкување на знаковен јазик, користење документи во формат достапен за аудиочитачи итн.);
- Комуникација со Општината за обезбедување пристапност на веб-страницата и просториите на Советот;
- При организација на настаните треба да се има предвид пристапноста на локациите за сите млади лица. Најдобри насоки за тоа како ЛМС да биде пристапен за младите со попреченост може да се добијат од организации кои работат во оваа област, како и при вклучување и консултирање млади лица со пропреченост.

## 3.3.2 Онлајн присуство

Локалниот младински совет на Општината мора да има онлајн присуство кое може да се користи за:

1. **Консултација:** комуникација преку е-пошта, онлајн прашалници или анкети за да се прибере мислењето на младите;
2. **Отчетност:** Објавување на програмите за работа и извештаите за младите да може полесно да бидат информирани за работата на Советот;

3. **Информирање:** Редовно водење, односно ажурирање на веб-страницата на Локалниот младински совет и фејсбук/инстаграм-страниците, испраќање месечници;
4. **Контактирање:** Листи со е-адреси, фејсбук-групи, Zoom, Messenger, Viber, WhatsApp се алатки со кои може да се комуницира со младите.

### 3.3.3 Јавни настани

Локалниот младински совет на Општината може да организира различни видови јавни настани за потребите на младите и за потребите на самиот Локален младински совет, како на пример: јавни дебати и дискусии; консултативни средби; тркалезни маси; други заеднички акции и консултации со младите.

Пред да се започне со организација на настан, треба да се утврди која е целта – дали преку тој настан се цели да се слушнат мислењата на младите, да се консултираат ставови или пак да се презентира работата на ЛМС. Настаните треба да се организираат во соработка со Општината. Тие треба да бидат информирани за настаните, да отстапат простор, да имаат свој учесник или да дадат свои препораки за одржување на настанот. Настаните може да бидат организирани и од други чинители (како на пример од Општината, младинските организации, училиштата итн.), а ЛМС да има свој претставник. Во тие случаи, претставникот на ЛМС треба да биде координиран со членовите на ЛМС и со Општината во однос на учеството.

### 3.3.4 Социјални медиуми и веб-алатки за комуникација

Онлајн присуството на ЛМС е особено значајно затоа што таму се наоѓа клучната јавност која ги засега младите. Не е важно само да се има онлајн присуство, туку да се информира редовно за активностите на ЛМС, и да се одржува редовна комуникација со младите. Секој локален младински совет мора да има податоци на веб-страницата на Општината.

**– Потстраница за ЛМС во рамки на веб-страницата на Општината**

На веб-страницата на локалната самоуправа треба да се направи секција или потстраница за ЛМС за да може секој да пристапи и на организиран начин да ги дознае информациите. Таму треба да се достапни следните податоци:

- контакт-информации за ЛМС (телефонски број, адреса и е-адреса);
- информации за составот и членовите на ЛМС, нивни е-адреси и телефонски броеви;
- извештаи за работата на ЛМС за последните години, поважни документи на Советот (Деловник, Програма за работа).

**– Фејсбук-страница**

Facebook е важен елемент на онлајн присуство кога станува збор за денешната комуникација со младите и јавноста. Ако ЛМС одлучи да има своја официјална страница на Фејсбук, за тоа треба да ја информира Општината. Страницата треба редовно да се одржува со објави за

активностите, да се користи за консултации  и да се одговара редовно и професионално на пораките кои пристигнуваат во сандачето на страницата.

– **Електронска адреса**

Локалниот младински совет треба да има своја електронска адреса, која ќе биде јавно истакната на неговата веб-страница и на други страници на социјалните мрежи. Адресата како канал за комуникација со младите треба редовно да се проверува, како и, редовно да се одговара на пораките кои пристигнуваат на неа. Исто така, членството треба да биде запознато со содржините на пораките кои пристигнуваат на таа е-адреса.

# 4. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
2. Закон за еднакви можности на жените и мажите („Сл. весник на РСМ“, бр. 6/2012; 166/2014)
3. Агенција за млади и спорт, Национална стратегија за млади (2016 – 2025)
4. Министерство за труд и социјална политика, Стратегија за родова еднаквост (2013 -2020)
5. Обединети нации, Конвенција за правата на детето (Њујорк, 1989)
6. Partnership between the European Commission and the Council of Europe in the field of youth, „Youth Policy Essentials“, (2019)
7. Совет на Европа, „Кажете го своето - Прирачник за ревидираната европска повелба за учеството на младите во локалниот и регионалниот живот“, (2015)
8. Коалиција на младински организации СЕГА, „Прирачник за креирање локални младински стратегии“, (2010)
9. Фондација - Претприемачки сервис за млади, „Прирачник за младински политики, учество и застапување“, (2018)
10. European Union, EU Youth Strategy (2019-2027)
11. European Youth Forum, „A Toolkit on Quality Standards of Youth Policy”, (2016)
12. European Youth Forum, „Policy paper on youth rights”, (2012)

# 5. ПРИЛОЗИ

## Прилози за Општина

### Прилог 1 – Чекори за формирање Локален младински совет

*Детално објаснување на чекорите е достапно во делот 2.3 на страница 28

| |
|---|
| 1. **Статутарна одлука на Совет на Општина за измена и/или дополнување на Статутот на Општината** – Формирање посебно тело во Општината: Локален младински совет. |
| 2. Општината распишува **Повик за формирање Иницијативен одбор (ИО)**. |
| 3. **Повик за членство во конститутивното Локално собрание на млади** - Иницијативниот одбор преку Општината објавува Јавен повик за членство во Локалното собранието на млади. |
| 4. **Конститутивна седница на Локалното собрание на млади**. |
| 5. **Повик за избор на членови на Локален младински совет**. |
| 6. Избраните членови на Локалниот младински совет се **верификуваат од страна на Советот на Општината** по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на Општината. |
| 7. По верификацијата, на првиот состанок на Локалниот младински совет се **избира претседател/ка и заменик-претседател/ка на Советот** и заедно со членовите се носи **Деловник за работа**. |

## Прилог 2 – Одлука на Општина XXX за измени и дополнување на Статутот на Општина XXX

Врз основа на член XXX од Статутот на Општината XXX („Службен гласник на Општина XXX“), врз основа на член 21 и член 36 став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ бр. 05/2002), член 16 од Закон за младинско учество и младински политики, Советот на Општина XXX на седницата одржана на ден XY.XY.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**

за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на Општина XXX

Член 1

Со Одлуката се пристапува кон измени и дополнувања на Статутот на Општина XXX.

Член 2

Предлог-измените, градоначалникот на Општина XXX ќе ги достави до Статутарно-правна комисија на Советот на Општина XXX за разгледување и освојување.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8-миот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина XXX“.

Образложение

Во Статутот на Општина XXX, во глава III ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНА

По член XX се додаваат нови членови кои гласат:

Член XX-а

ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Во Општината се формира Локален младински совет како советодавно тело на Општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на Општината.

Млади се жители на Општина XXX, на возраст од 15 до 29 години според Закон за младинско учество и младински политики.

Младите од став 1 на Одлуката, може да бидат избрани за претседател/ка и заменик-претседател/ка на Локален младински совет на Општина XXX, само ако се со место на живеење во Општина XXX.

Член XX-б

Одлука за основање Локален младински совет донесува Советот на Општината врз основа на позитивните законски прописи.

Член XX-в

ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА

Во рамките на својот делокруг на работа Локалниот младински совет:

- предлага точки на дневен ред на Советот на Општината, кои ги засегаат младите;
- иницира прашања за млади од делокругот на работата на Општината;
- иницира, учествува и дава повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
- доставува информации до Општината, за прашања кои се однесуваат на младите и
- врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со ЗМУМП.

Член XX-г

Општината распишува Повик за формирање Иницијативен одбор (ИО) согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики. Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на ЛМС. Во повикот се напоменува дека Иницијативниот одбор се формира само еднаш за одржување на конститутивното Локално собрание за млади, има најмногу 5 члена и по успешно свикување на Собранието истиот се распушта, односно мандатот престанува.

Иницијативниот одбор преку Општината објавува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади. Во јавниот повик јасно е прикажан начинот на пријавување, критериумите кои треба да се исполнуваат за пријавување, како и рокот за пријавување. Повикот треба да биде објавен на веб-страницата на Општината, и да биде достапен за сите млади, а да се сподели на повеќе јавни места, на социјалните мрежи на Општината, до медиумите и до засегнатите чинители (форми на младинско организирање).

Формите на организирање и здружување кои може да учествуваат во Собранието не мора да бидат регистрирани во Општината, но мора да имаат активности на територијата на Општината. Делегатот и заменик-делегатот треба да бидат жители на Општината и на возраст од 15 до 29 години.

Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивна седница на Локалното собрание на млади заедно со одговорното лице на Општината.

Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува тричлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет. На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на Собранието на млади. Мандатот на членовите на Собранието на млади вклучително и на претседавачот/ката трае две години со право на уште еден избор.

На конститутивната седница, Локалното собранието на млади носи одлука за формирање комисија која до следната седница на Собранието на млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Собранието.

Првата седница на Локалното собрание на млади (веднаш после конститутивната седница) ја свикува веќе избраниот претседавач/чка на Собранието. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување Јавен повик за формирање Локален младински совет на Општината, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општината, во локалните медиуми и на останати јавни места/социјални медиуми сè со цел да информира што е можно поголем број на млади во Општината. Повикот треба да трае најмалку 10 дена од денот на неговото објавување.

По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, надлежното лице, односно службеникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот/ката и до Собранието кои пак свикуваат нова седница на Собранието. На седницата на Локалното собрание на млади се поканувaат делегатите на Собранието и младите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет, а ги исполнуваат критериумите од повикот.

Трочлената верификациона комисија на Локалното собрание за млади (креирана за време на конститутивната седница) го следи процесот на избор на членови на Младинскиот совет на Општината и треба да ги потврди мандатите на делегатите.

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Собранието, по што следува постапката на гласање. Локалното собрание на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади. За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола.

Бројот на членови на Локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општината. Членовите на Локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет ги предлагаат: граѓански организации и младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината XXX го избира и го разрешува Локалениот младински совет врз основа на одлука на Локалното собрание на

млади. Локалниот младински совет од своите редови избира претседател/ка и заменик-претседател/ка, согласно Деловникот за работа на Локалниот младински совет.

Член XX-д

Советот на Општината може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекот на мандатот поради:

- лично барање на членот на ЛМС,
- ако неоправдано отсуствува од седниците на Советот на млади.

Член XX-ѓ

Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во месецот. Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот/ката на Локалниот младински совет. Претседателот/ката на Советот е должен/а да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на ЛМС.

Локалниот младински совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на ЛМС.

Начинот на работа на Локалниот младински совет поблиску се утврдува со Деловникот за работа.

Локалниот младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за поедини групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

Член XX-е

Локалниот младински совет донесува програма за работа на ЛМС и ја доставува до Советот на Општината за секоја календарска година.

Програмата за работа, Локалниот младински совет ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на ЛМС. Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на Општината XXX најдоцна до 31 октомври во тековната година, за следната година.

СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ

Општина XXX обезбедува финансиски средства за работа на Локалниот младински совет и простор за одржување седници на Советот на млади во Општина XXX.

Од буџетот на Општината, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на ЛМС во согласност со усвоената годишна програма.

Членовите на Локалниот младински совет не добиваат надоместок за својата работа.

Стручните и административните работи за потребите на Локалниот младински совет ги врши администрацијата во Општина XXX, односно назначува службеник/чка за млади во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

## Прилог 3 – Јавен повик за формирање Иницијативен одбор

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФОРМИРАЊЕ ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

Општината распишува Јавен повик за формирање Иницијативен одбор (ИО) согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики.

Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во креирањето на Советот. Бројот на членови во Иницијативниот одбор е пет и единствено тие членови имаат улога да го формираат Локалното собрание за млади. Времетраењето на ИО е краткорочно и завршува со свикување на првото Локално собрание на млади. Општината е задолжена за нивна селекција и работата на истото се координира и помага од службеникот/ката за млади во Општината.

Улога и задачи на Иницијативниот одбор:

- Поддршка на Општината во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на ЛМС,
- Распишување повик за Конститутивното локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општината по принципот на јавност и транспарентност,
- Соработка со Општината при организација и одржување на Конститутивното локално собрание за млади.

Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Советот.

Задолжителни документи:

- Портфолио на организацијата/групата/здружението,
- Годишна програма за работа,
- Извештај за активности со млади во изминатата година,
- Писмо со номинација за член во Иницијативен одбор и контакт-информации,
- Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.

Начин на пријавување:
Имејл:
Адреса:
Рок за пријавување:

## Прилог 4 – Јавен повик за Локално собрание на млади

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ

Иницијативниот одбор за формирање Локален младински совет при Општина XXX рапишува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади.

Повикот е отворен за сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои ќе ги исполнат следните критериуми:

- Да имаат активности на територијата на Општина XXX;
- Да се основани и активни најмалку една година пред отворањето на овој повик;
- Делегатот/ката и заменик-делегатот/ката да се жители на Општина XXX и да се на возраст од 15 до 29 години.

Пријавување: Сите заинтересирани организации кои ги исполнуваат критериумите потребно е да ги достават следните документи на имејл: xxxxxxxx и да ги поднесат во архивата на Општина XXX, ул. XXX со ознака Апликација за членство во Собранието на Советот на млади.

Задолжителни документи:

1. Портфолио за работата на организацијата.
2. Мотивациско писмо за учество во Локалното собрание на млади, но не повеќе од 1 страница.
3. Годишен извештај за работата од претходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за или од млади во Општина XXX.
4. Номинација на делегат/ка и заменик-делегат/ка со контакт-детали за претставниците.

Рокот за пријавување е од _______________ (датум) до __________ (датум).

Апликациите ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање Локално собрание на млади со цел избор на Локалниот младински совет при Општина XXX.

За повеќе информации околку повикот може да се обратите на следните контакти: (контакт: имејл или телефонски број).

# Прилози за Локален младински совет

## Прилог 5 – Деловник за Локално собрание на млади

ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА ЗА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Деловникот се уредува начинот на работа и одлучување на Локалното собрание на млади во Општина XXX (во понатамошниот текст: ЛСМ на Општина XXX).

Член 2

Работата на Локалното собрание на млади е јавна и во неа учествуваат сите видови на организации, согласно Законот за младинско учество и младински политики кои се пријавиле на Јавниот повик за учество во ЛСМ на Општина XXX.

На Собранието присуствуваат пријавените форми на организирање со свои делегати.

На Собранието присуствуваат и претставници на Општината.

КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

Член 3

На конститутивната седница на Локалното собрание на млади на Општина XXX се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на Собранието на млади.

Мандатот на членовите на Локалното собрание на млади вклучително и на претседавачот/ката трае две години со право на уште еден избор.

Претседавач/ка е главниот застапник и претставник на Локалното собрание на млади. Претседавачот/ката раководи и претседава со Локалното собрание на млади, го претставува пред органите на Општината, ги следи насоките на членовите на Собранието во својата работа.

Членовите (делегатите и делегатките) работат на спроведување на активностите на ЛСМ, учествуваат во подготовка на документи и други активности.

ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ДЕЛЕГАТОТ

Член 4

Делегатот има право и должност да присуствува на ЛСМ и да учествува во работата и во одлучувањето.

Делегатот кој е спречен да присуствува на Собранието, е должен за тоа да го извести претседавачот до почетокот на седницата на ЛСМ.

За присуство на делегатите се води евидентен лист што е отворен во текот на одржување на седницата. Пред утврдувањето на дневниот ред се усвојува записникот од претходната седница на Собранието.

Делегатите може да ставаат забелешки на записникот и да бараат во него да се извршат соодветни изменувања и дополнувања.

Претседавачот на Собранието констатира дека е усвоен записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот во кој се извршени изменувања и дополнувања.

РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБРАНИЕТО

Член 5

Откако ќе се утврди кворумот на предлог на претседавачот/чката, Собранието избира:

- Верификациона комисија - која се состои од три члена од делегатите од кои едниот/ната е претседател/ка на комисијата;
- Записничар и двајца оверувачи на записникот; и
- Други работни тела што Собранието ќе одлучи дека се потребни.

ОДЛУЧУВАЊЕ

Член 6

Собранието ќе работи и полноважно ќе одлучува доколку присуствуваат 50 % плус еден од вкупниот број на членови на Собранието.

Претседателот/ката на верификационата комисија ги прозива делегатите да потврдат присуство и го утврдува нивниот број.

Одлуките се донесуваат со мнозинство од гласовите на присутните делегати. Одлуките се донесуваат со просто мнозинство.

Секој делегат има право на еден глас.

Член 7

За сите одлуки се гласа јавно освен за изборот за членови на Локалниот младински совет.

Избрани се оние кандидати кои имаат најголем број на гласови само под услов доколку вкупниот број на гласови за сите кандидати, збирно се повеќе од половина од вкупниот број

на членови присутни на Собранието. Јавното гласање се врши со употреба на технички средства. На делегатот/ката му/и се издава гласачко ливче.

Собранието може да одлучи гласањето да биде тајно по предлог на претседавачот/чката или на еден делегат/ка чие барање ќе биде изгласано од Собранието.

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња. Гласачките ливчиња мора да бидат со еднаква големина. Во гласачкото ливче за избор се подредуваат имињата и презимињата на кандидатите поединечно, според азбучниот ред на нивните презимиња.

Претседавачот/чката е должен/а за време на гласањето да обезбеди услови за спроведување тајно гласање.

За неважечко се смета гласачкото ливче од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат делегатот/ката гласал/а.

Член 8

Секој кандидат кој се номинира за некоја од позициите има право на свое кусо претставување пред делегатите/ките.

Член 9

По потврдениот избор, верификационата комисијата на Локалното собрание на млади изготвува извештај/записник со листа на избрани членови кој го усвојува Локалното собрание на млади и истиот се доставува до Советот на Општината за верификација на нивните мандати.

Член 10

Секој избран член на Локалниот младински совет може да биде отповикан од страна на Собранието, на предлог на делегат/ка на Собранието и по спроведување акт на гласање на доверба.

Собранието може да отповика поединечен член, или да ги отповика сите членови на Локалниот младински совет колективно.

Собранието за ваквата иницијатива одлучува со мнозинството пропишано во Деловникот.

ЗАПИСНИК

Член 11

За работата на седницата на Локалното собрание на млади се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, имињата на присутните, предлозите, ставовите на работното тело, резултатите од секое гласање, што се поднесени и заклучоците што се усвоени во врска со прашањата од дневниот ред.

Претседавачот на ЛСМ, записничар и двајца оверувачи на записникот го потпишуваат записникот и се одговорни за неговата веродостојност.

За изготвување на записниците и за чување на оригиналите на записниците од седниците се грижат членовите на Локалниот младински совет и службеникот/чката за млади во Општината.

### ОДЛОЖУВАЊЕ СЕДНИЦА
### Член 12

Поради немање кворум, односно неприсуство на доволен број членови, закажаната седница на Собранието се одложува.

Седницата ја одложува претседавачот/ката, кој/а на присутните им го соопштува датумот на одржување на новата седница, а на отсутните членови им доставува покани по електронски пат.

### ПРЕКИН НА СЕДНИЦА
### Член 13

Седницата на Собранието се прекинува кога:

- во текот на одржување на седницата бројот на присутните членови ќе се намали под пропишаниот број за одржување на седницата;
- седницата поради обемноста на дневниот ред не може да се заврши истиот ден;
- ќе дојде до потешко нарушување на редот на седницата, а претседавачот/чката не е во состојба да воспостави ред;
- поради одмор на учесниците на седницата, но не подолго од два часа; и
- во други случаи.

### ЗАКЛУЧУВАЊЕ СЕДНИЦА
### Член 14

По завршување на расправата и одлучување по сите точки од дневниот ред, претседавачот/ката објавува дека ја заклучува седницата, односно објавува дека седницата е завршена.

### ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
### Член 15

Овој деловник стапува на сила од моментот на изгласување од страна на Собранието.

Конститутивната седница, како и сите следни седници на Собранието се најавуваат најмалку 10 дена пред одржувањето на седниците. Во најавата за седници се доставува и работниот материјал за Собранието.

## Прилог 6 – Одлука за избор на членови од страна на Локалното собрание на млади за членови на Локален младински совет

До: Име и презиме

Совет на Општина XXX

ОДЛУКА

Локалното собрание на млади на датум ____________, година одржа средба на која се избраа членови на Локален младински совет при Општина XXX.
Врз основа на Одлуката со број ____ на Општина XXX за формирање Локален младински совет и согласно Деловникот на Локалното собрание на млади член X, Локалното собрание на млади ја донесе следната одлука:
За членови на Локалниот младински совет за периодот од две години, односно од ____________ (датум) до ____________ (датум) се избраа:

1. Име и презиме, организација
2. Име и презиме, организација
3. Име и презиме, организација
4. Име и презиме, организација
5. Име и презиме, организација
6. Име и презиме, организација
7. Име и презиме, организација
8. Име и презиме, организација
9. Име и презиме, организација

Мандатот на членовите на Локалниот младински совет на Општина XXX трае 2 години.
Оваа одлука влегува во сила од денот на верификација на членовите од страна на Советот на Општината XXX, (датум).

Датум и место

Претседавач/ка на Локално собрание на млади
Име и презиме и потпис

## Прилог 7 – Записник од првата работна средба како и за секоја понатамошна работна средба на Локалниот младински совет

ЗАПИСНИК

од состанокот на Локален младински совет, одржан на _____________ (датум) со почеток во _______ часот, во просториите на Советот на Општина XXX

Присутни:

1. Име и презиме
2. Име и презиме
3. Име и презиме
4. Име и презиме
5. Име и презиме

Најстариот член го отвори **првиот** состанокот на Локалниот младински совет. На првиот состанок на Локалниот младински совет го констатира бројот на присутните, вкупно беа присутни XX лица и се избра ИМЕ И ПРЕЗИМЕ за претседател/ка на Локалниот младински совет. За заменик-претседател/ка се избра ИМЕ и ПРЕЗИМЕ.

На почетокот се гласаше за усвојување на Записникот од претходниот состанок на Локалниот младински совет (во случај кога станува збор за втора седница и натаму).

ГЛАСАА: ЗА – XX ПРОТИВ – XX ВОЗДРЖАНИ – XX

Се констатира дека Записникот е усвоен.

Претседателот/ката ги презентираше предлог-точките на дневниот ред за средбата:

(Предлог-точки кои не мора да бидат целосно исти, доколку имате различни точки за дискусија, вметнете ги место подолунаведените. Овие точки се дадени исклучиво како пример.)

- Деловник за работа;
- Изработка на предлог-програма на Локален младински совет;
- Промоција на Локалниот младински совет кај младите од локалната средина;
- Закажување следна средба...

Член од групата надополни уште една точка во дневниот ред за начин на комуникација со Општината.
Се гласаше по предлогот за дополнување на дневниот ред со точката и истиот се усвои со сите гласови за.

**ГЛАСАА: ЗА – X ПРОТИВ – X ВОЗДРЖАНИ – X**

Се констатира дека дневниот ред за првиот состанок е усвоен.

За ПРВАТА точка од дневниот ред се разговараше околу предлог-деловникот за работа. За време на дискусијата се разговараше и се дефинираа обврските на претседателот/ката, и заменикот/та. По дискусијата предлог-деловникот беше усвоен.

**ГЛАСАА: ЗА – X ПРОТИВ – X ВОЗДРЖАНИ – X**

**Пример:** За **ВТОРАТА** точка на дневниот ред се дискутираше околу потребата за креирање програма за работа. Се дефинира датум за целодневна средба на членовите заедно со координаторот за планирање на програмата. Лицето XX предлага два начина за консултирање на младите за креирањето на програмата за работа за следната година.

**Пример:** За **ТРЕТАТА** точка од дневниот ред се разговараше околу начините за промоција на Локалниот совет и тоа онлајн и непосредно преку локалните медиуми, околу креирање лого и промотивни материјали.

**Пример:** За **ЧЕТВРТАТА** точка од дневниот ред се договорија дека состанокот ќе биде на ___________ (датум).

Дневниот ред беше исцрпен.
Со тоа заврши првиот состанок на Локалниот младински совет.

Претседател/ка на Локален младински совет
XXXX

## Прилог 8 – Деловник за Локален младински совет

Врз основа на Статутот на Советот на Општина XXX („Службен гласник на Општина XXX" бр. X), како и Одлуката за формирање Локалниот младински совет, врз основа на Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 10/2020), Локалниот младински совет на Општина XXX, врз основа на седница одржана на (датум) го донесе следниов:

ДЕЛОВНИК

за

РАБОТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ на Општина XXX

Член 1

Со Деловникот се уредува припремањето, начинот на работа и одлучувањето на Локалниот младински совет на Општина XXX (во понатамошниот текст: ЛМС на Општина XXX).

Член 2

Претседателот/ката на ЛМС:

- Свикува седници и со нив претседава;
- Ги потпишува актите кои ги донесува ЛМС и се грижи за нивно спроведување;
- Ја обезбедува и ја насочува работата и дејствувањето на ЛМС согласно Статутот/Одлуката за формирање/Деловникот;
- Презема мерки за спроведување на заклучоците на ЛМС;
- Се грижи за извршување на Програмата и плановите за работа на ЛМС;
- Одлучува за одржување состаноци, советувања во врска со разгледување прашања во надлежност на ЛМС.

Член 3

Претседателот/ката на ЛМС го/ја заменува заменик-претседателот/ката на ЛМС.

Член 4

Членовите на ЛМС имаат право и должност да:

- Присуствуваат на седниците на ЛМС,
- Предлагаат одредени прашања кои се во надлежност на работата на ЛМС,
- Учествуваат во одлучувањето и да даваат иницијативи за работа на Советот,
- Бидат во тек и да учествуваат во подготовка на материјалите што ги донесува ЛМС,
- Учествуваат во работата на комисиите.

Секој член има право да бара од Локалното собрание на млади и ЛМС да се заземе став по прашање значајно за спроведување на активностите и политиката на ЛМС.

Член 5

Членот на ЛМС кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седницата, е должен благовремено да го извести претседателот/ката.

Ако некој член подолго време е спречен да присуствува на седници должен е да го извести претседателот/ката и за тоа да побара посебно одобрение, за кое ЛМС посебно ќе одлучува во согласност со Статутот и Одлуката за основање ЛМС.

Член 6

Членот на ЛМС е одговорен за застапување и спроведување на ставовите на ЛМС, а должен е да ги извести членовите на ЛМС (претседателот/ката, заменик- претседателот/ката) за извршување на сите работи што му биле доверени.

Член 7

ЛМС по правило одржува седница најмалку еднаш во месецот. По исклучок заради итноста за постапување по одделни активности претседателот/ката може да определи седницата да се одржи во пократок рок.

Член 8

За текот на работата на Локалниот младински совет се води записник. Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, а посебно заклучоците, одлуките и решенијата донесени на седницата по повод разгледувањето на прашањата од дневниот ред. Записникот се доставува до членовите на ЛМС со покана за наредната седница. На крајот од Записникот се содржани изјавите на секој од членовите на Комисијата со кои ги потврдуваат резултатите од гласањето, односно Записникот го потпишуваат сите членови што гласале.

Член 9

Записникот се усвојува на почетокот на наредната седница. При усвојувањето на Записникот, секој член на ЛМС има право да стави забелешки на Записникот. За забелешките кои ќе се усвојувааат, се прави исправка на Записникот.

Член 10

Изменување и дополнување на овој деловник ќе се врши на начин и постапка според кои се донесува.

Член 11

Овој деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

Датум и место

Претседател/ка на
Локален младински совет на Општина XXX

## Прилог 9 – Одлука на ЛМС за годишна програма што се праќа до Советот на Општината на одобрување

Врз основа на Закон за младинско учество и младински политики, како и врз основа на Одлуката за основање Локален младински совет на Општина XXX, Локалниот младински совет на Општина XXX ја предлага

## Годишната програма за 20XX година

Годишната програма е во насока на остварување на поставените цели на Локалниот младински совет на Општина XXX, како и остварување на приоритетните области дефинирани во Годишната програма на Локалниот младински совет.

Приоритетни области:

- Зајакнување на младинското учество во општествените процеси
- ........
- ........

(Во зависност од приоритетните области на Локалниот младински совет, во овој дел се дефинираат активностите, и се дефинираат целите кои би сакале да ги постигнете во годината. Слободно *може да се додаваат* редови во табелата, според бројот на вашите цели и активности.)

| Приоритетна област | Активност | Очекуван резултат | Временска рамка | Вид на ресурси |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| **Цел 1:** Зајакнување на младинското учество во општествените процеси | **Активност 1:** Кампања за застапување на младинското учество во работата на комисии релевантни за младите во Општината | **Резултат 1:** Поголема застапеност на претставниците на Локалниот младински совет во општинските тела и активности **Резултат 2:** Застапеност на млади луѓе во разни комисии релевантни за младите на општинско ниво | март – октомври | Храна, освежување, сместување, простории |
| **Цел 1:** Зајакнување на младинското учество во општествените процеси | **Активност 2:** | XX | XX | XXXX денари |
| **Цел 2:** | | | | XXXX денари |
| **Цел 3:** | | | | XXXX денари |

## Прилог 10 – Извештај за работата на ЛМС

Место и датум

Број на документ

Извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина XXX
20XX година

Подготвиле:
Локален младински совет на Општина XXX

Вовед:

Овој документ обезбедува информации за спроведувањето на програмата на Локалниот младински совет на Општина XXX, за 20XX година.

**Цел 1:** На пример - Зајакнување на младинското учество во општествените процеси

- **Листа на имплементирани активности:**
  - **Активност 1:**
    - Име на активност
    - Опис и цели на активност
    - Постигнат резултат
    - Квантитативни информации (број на учесници, број на споделувања, број на состаноци, профил на чинители кои се вклучиле ...)
  - **Активност 2:**
    - Име на активност
    - Опис и цели на активност
    - Постигнат резултат
    - Квантитативни информации (број на учесници, број на споделувања, број на состаноци, профил на чинители кои се вклучиле...)
  - **Активност 3: .....**
- **Силни страни во рамки на спроведување на оваа цел**
- **Слаби страни во рамки на спроведување на оваа цел**
- **Предлози за последователни активност**

**Цел 2:** XXX

- **Листа на имплементирани активности:**
  - **Активност 1:**
    - Име на активност
    - Опис и цели на активност
    - Постигнат резултат
    - Квантитативни информации (број на учесници, број на споделувања, број на состаноци, чинители кои се вклучиле...)
  - **Активност 2:**
    - Име на активност
    - Опис и цели на активност
    - Постигнат резултат
    - Квантитативни информации (број на учесници, број на споделувања, број на состаноци, чинители кои се вклучиле...)
- **Силни страни во рамки на спроведување на оваа цел**
- **Слаби страни во рамки на спроведување на оваа цел**
- **Предлози за последователни активности за следната годишна програма**

Прилози:

Во прилози може да додадете некои дополнителни документи или резултати, што се развиени во текот на годината. На пример, доколку имате развиено некоја специфична младинска политика (на пример, локална младинска стратегија), во делот прилози може да ја додадете.

## Прилог 11 – ЛМС покана до членовите на ЛМС и до јавноста

Локален младински совет на Општина XXX

Предмет: Покана

Врз основа на член XX од член XXX од Статутот на Советот на Општина XXX („Службен гласник на Општина XXX“ бр. X), како и Деловникот за работа на Локалниот младински совет, претседателот/лката на Локалниот младински совет на Општина XXX закажува седница на ден ________ со почеток во ________ часот, во зградата/просториите на ______________.

За седницата се предлага следниот **дневен ред**:

1. Усвојување на Записникот од седница број _____ на Локалниот младински совет на Општина XXX
2.
3.
4.
5.

**Напомена:** Оваа седница на Локалниот младински совет на Општина XXX е од отворен карактер. Секој кој има намера да учествува на оваа седница како набљудувач, треба да го пријави своето учество, најдоцна пред почетокот на седницата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ/КА
на Локалниот младински совет
на Општина XXX

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352.075-053.6(035)
352.077-053.6(035)

ПРИРАЧНИК за локални младински совети / [автори Јасмина Тодоровска-Митева ... [и др.] ; соработници Мирије Сулмати и Горан Таневски]. - Скопје : Агенција за млади и спорт : Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2021. - 83 стр. : табели ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Други автори: Нина Шуловиќ-Цветковска, Дона Костуранова, Блажен Малески, Томислав Гајтаноски, Линдита Реџепи, Матеј Маневски и Зоран Илиески. - Библиографија: стр. 61. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-9989-2266-5-6 (AMC)
ISBN 978-608-4788-63-8 (ОБСЕ)

1. Тодоровска-Митева, Јасмина [автор] 2. Шуловиќ-Цветковска, Нина [автор] 3. Костуранова, Дона [автор] 4. Малески, Блажен [автор] 5.
Гајтаноски, Томислав [автор] 6. Реџепи, Линдита [автор] 7. Маневски, Матеј [автор] 8. Илиески, Зоран [автор]
а) Локална самоуправа – Младински совети – Прирачници б) Локална самоуправа – Креирање политики – Млади – Прирачници

COBISS.MK-ID 53945861



**ОБСЕ Мисија во Скопје**
Булевар 8-ми Септември бр. 16, 1000 Скопје

e-mail: info-MK@osce.org
website: http://www.osce.org/mission-to-skopje